Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“

Маја Рауник Кирков

# МЕТОДИКА НА ЛИКОВНО ВОСПИТАНИЕ







***Издавач:***
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје
www.ukim@ukim.edu.mk

***Уредник за издавачка дејност на УКИМ:***
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

***Уредник на публикацијата:***
проф. д-р Маја Рауник Кирков, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

***Рецензенти***
1.проф. д-р Фехим Хусковиќ
2. проф. д-р Никола Смилков

***Техничка обработка***
проф. д-р Маја Рауник Кирков

***Лектура на македонски јазик:***
Емилија Величкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37.016:73/76(075.8)

РАУНИК Кирков, Маја
Методика на ликовно воспитание / Маја Рауник Кирков. - Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2018. - 170 стр. : илустр. ; 25 см

Библиографија: стр. 120-122

ISBN 978-9989-43-401-3

а) Ликовно образование - Високошколски учебници
COBISS.MK-ID 106102026

**На Леон и Љубин,**

**со љубов и радост**

# СОДРЖИНА

ПОИМ И ЦЕЛИ НА МЕТОДИКА НА ЛИКОВНОТО ВОСПИТАНИЕ 1

Развојни домени 2

Карактеристики на когнитивните способности на деца од 2-7 год. 4

Цели на ликовното воспитание во развојниот период до 2 год. 6

Цели на ликовното воспитание во развојниот период од 2 до 3 год. 6

Цели на ликовното воспитание во развојниот период од 3 до 4 год. 7

Цели на ликовното воспитание во развојниот период 0д 4 до 5 год. 8

Цели на ликовното воспитание во развојниот период 0д 5 до 6 год. 9

ЗНАЧЕЊЕ НА ЛИКОВНОТО ВОСПИТАНИЕ 10

Ликовна писменост 12

Развој на методика на ликовно воспитание 13

Историски развој на ликовно воспитание 20

ЛИКОВНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ ВО РАНА ДЕТСКА ВОЗРАСТ

2-4 години: Чкртаници 24

4-75 години: Пред-шематска фаза 26

6-9 години: Шема 28

9-11 години: Интелектуален реализам, фаза на група 29

11-13 години: Визуелен, оптички реализам 31

14-16 години: Период на одлука 32

ЛИКОВНИ ТИПОВИ ДЕЦА 33

Ликовни типови деца во однос на психичките карактеристики 36

Ликовни типови деца во однос на афинитетот кон одреден ликовен израз 42

МЕТОДСКО-ДИДАКТИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС ПО ЛИКОВНО ВОСПИТАНИЕ 50

Специфичности на наставата по ликовно воспитание 51

Форми на работа во наставата по предметот ликовно воспитание 54

Принципи во реализација на наставата по ликовно воспитание 55

Методи на работа во наставата по ликовно воспитание 64

Современи методи во реализација на наставата по ликовно образование/воспитание 65

ПЛАНИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ВОЛИКОВНОТО ВОСПИТАНИЕ

Глобално планирање 71

Годишно планирање 75

Дневно планирање 77

ДНЕВНА ПОДГОТОВКА 83

Воспитно образовни содржини - мала група 2-3 год. 104

Воспитно образовни содржини - мала група 3-4 год. 106

Воспитно образовни содржини - средна група 4-5 год. 109

Воспитно образовни содржини - голема група 5-6 год. 111

КРЕАТИВНОСТ ВО РАНОТО ДЕТСКО ВОСПИТАНИЕ 113

Следење на развојот на ликовниот израз кај деца од предучилишна возраст 121

Организирање на мапа со ликовни активности на секое дете 123

Улога, работа и усовршување на особините на воспитувачотво реализација на ликовното воспитување 131

ПРАКТИКУМ

Поим за методика на ликовно воспитание 134
Развој на методиката на ликовно образование 135
Историски развој на ликовно воспитание 136
Развој на детското ликовно изразување 136
Ликовни типови на деца 137
Методско-дидактички инструменти за
изведување на настава по ликовно воспитание 138
Планирање во ликовното воспитание 139
Дневни подготовки 140
Воспитно образовни содржини 167
Креативност во раното детско воспитание 168
Аспекти на проценување, вреднување и следење на ликовни творби 169
Улога, работа и усовршување на особините на воспитувачот во
реализација на ликовното воспитување 170

# ПОИМ И ЦЕЛИ НА МЕТОДИКА НА ЛИКОВНО ВОСПИТАНИЕ

## 1. Поим за методика на ликовно воспитание

Методика на ликовно воспитание е развојно-нормативна научна дисциплина чија основа се педагошките теории на ликовно воспитание, теоријата на ликовна уметност и ликовно-уметничката пракса. Методика на ликовно воспитание е интердисциплинарна научна област наменета за сите ликовни едукатори која се занимава со теоретските и практичните аспекти на ликовното изразување, организирање на воспитно-едукативен процес и негова реализација.

Во воспитно-образовниот процес во Република Македонија, култивирање на ликовното разбирање и ликовниот израз во предучилишна возраст се реализира преку предметот „Ликовно воспитување“.

Децата имаат вродена способност ликовно да се изразувааат и да го потврдат своето постоење. Ликовниот израз е во суштина ликовен говор, вроден во секое дете без оглед на степенот на интелигенција, наследните фактори, средината и околината во која живее.

Предметот „Ликовно воспитување“ зазема значајно место во целиот систем на воспитание и образование и дава придонес во меѓупредметните содржини со помош на визуелната комуникација. Придонесува за стекнување на знаења, вештини и способности неопходни за комплетен развој. Наменет е за целат популација на деца без оглед на нивните основни способности и вештини.

Со правилна и креативна реализација на ликовниот воспитно-образовен процес во децата стекнуваат солидна основа за вклучување во современата комуникација, но сознанијата стекнати по пат на ликовно изразување, се пренесуваат и во другите важни области од секојдневниот живот.

## 2. Цели на ликовното воспитание

### Генерална цел:

Ликовното образование треба да ја култивира личноста на детето со поттикнување и развивање на:

- почетна визуелна писменост,
- способности за правилна употреба на ликовните средства, материјали и техники,
- креативност и имагинација во ликовното изразување.

### Поединечни цели:

- Да развива визуелна и тактилна перцепција;
- Да воведува во запознавање со основните ликовни елементи;
- Да развива способност за изразување на детските доживувања преку ликовните елементи;
- Да го открива запознава и почитува сопственото ликовно изразување и ликовното изразување на другите.

### Развојни домени

Децата се развиваат холистички. Не постојат приоритетни домени во детскиот развој. ( „Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 -6 години“, 2009,). Министерство за труд и социјална политика: 10).

Во предучилишна возраст за адекватно реализирање на воспитно–едукативен процес кој обезбедува можности за правилен раст и развој на децата, областите на учење и поучување се поделени во однос на неколку развојни домени:

- **физичко здравје и моторен развој**
- **социо-емоционален развој**

- **развој на пристап кон учење**
- **развој на јазик, описменување и комуникација**
- **когнитивен развој и стекнување општи знаења.**

Поттикувањето и развивањето на визуелната перцепција, ликовното разбирање, креативното слободно изразување со ликовни техники и материјали се содржи во доменот „Когнитивен развој и стекнување општи знаења“.

Се реализира низ следните аспекти:

- ♦ логика и размислување;
- ♦ математика;
- ♦ наука – запознавање и разбирање на околината;
- ♦ уметност-ликовно воспитание и музичко воспитание.

Овој развоен домен има за цел во периодот до 6 години да поттикнува и развива способности за размислување, способности за стекнување и користење нови информации, способности за критичко размислување, за формирање на работни навики, за развивање на самостојност, внимателност и истрајност. Со адекватно користење на дидактички форми, методи и стратегии за поучување, активностите во овој домен треба да овозможат користење на новите поими и претстави, вештини и нивна логична употреба во стекнување на сопствени решенија во склад со возраста.

Секоја возраст на детето има посебни барања кои е можно да се реализираат врз одредени услови.

Поради тоа и целите на ликовното воспитание се различни за секоја возраст и се надополнуваат, како детето расте и се развива.

## Карактеристики на когнитивните способности

## на деца од 2-7 години

(сензомоторен, предоперационен стадиум - фаза на организација и подготовка)

Во тек на втората година се јавува целина на постапки кои содржат репрезентативна евокација на отсутниот објект или настан, што овозможува ментално претставување ( со основа во перцепција и имитација).

**Најзначајна карактеристика е појавата и развојот на симболичките функции што се манифестираат со неколку карактеристични облици на ментално функционирање:**

1. симболичка игра (последица на потребата за интелектуална и афективна рамнотежа, која се јавува како одговор на прилагодувањето на светот на возрасните);
2. одложена имитација (способност да се имитира перцепирана акција од минатото - претставува една од симболичките шеми);
3. цртеж или графичка слика ( 2 - 2,5 години) како облик на семиотичка функција која се наоѓа помеѓу симболичката игра и менталната слика;
4. ментална слика;
5. создавање и развој на говорот - вербална експресија;

Значењето е на овие карактеристики на психолошкиот развој е во интеракцијата на детето со средината која на ниво на имитација и симболичка игра го овозможува процесот на акомодација на надворешната средина, како и асимилација на сознанијата, што доведува до когнитивен развој.

**Периодот од 3-7 години е време на појава на ментални операции** (операции се интернализирани акции кои се организирани во системи).

Заштитен знак на овој период се следните процеси: **Симболичко функционирање** – користење на ментални

симболи или слики за презентација на она што не е физички присутно; **Центрација –** насочување на вниманието на само еден аспект од ситуацијата или стимулот; **Егоцентризам** – верзија на центрација, ја презентира способноста на детето да размислува само од сопствена точка на гледање; **Интуитивно мислење** – верување во нешто без познавање на причините за такво верување; **Трансдуктивно мислење** – без хиерархиска организација – без индукција ( организација од поединечно кон општо): без дедукција ( од општо кон поединечно). **Непостоење на конзервација –** недостаток во разбирањето на перцептивните стимули во конзевација на маса, волумен и број.

Во предучилишниот период детето преминува од перцептивно- практично на перцептивно-претставно ниво, а после и на вербално мислење кога големо влијание имаат искуствата на детето на перцептивно ниво, што докажуваат истражувањата на Смиљанић-Чолановић, Толичич[193] (1987). Со проучување на условите и механизмите за премин од перцептивно-практично на рефлексно мислење по пат на поставени задачи, овие научници добиваат резултати што покажувааат дека кај сите возрасни групи (3-7 години) најмногу правилни задачи има кога постои визуелна ориентација при решавањето на задачите.

Во периодот помеѓу 6 и 7 години се јавува можноста детето од целосна посветеност на својата спонтана активност да се насочи со својот интерес кон другите,а мислата се прилагодува на реалноста на предлогичко ниво. Со 6 и 7 години доаѓа до воопштување, анализа на сопствените резултати, до дедуктивно заклучување, а резултатите зависат од степенот на блискост со ситуацијата или појавата. Карактеристика на детското мислење е **синкретизмот**, односно стварноста се разбира како се да е поврзано со неа. Пред почеток на училишниот период, детето почнува да анализира и донесува заклучоци, така да синкретичните врски ги заменува со логички.

## Цели на ликовното воспитание

## во развојниот период до 2 години

Да се поттикне:

- развојот на сетилата и да се постават основи за нивно користење;
- препознавање и елементарно разликување на одредени форми и облици на предмети во две димензии;
- развојот на способностите за реагирање според сетилата и доживувањата;
- интересот за набљудување на разни предмети, објекти, лица, апарати (музички, визуелни), материјали од непосредната околина;
- интерес кон истражување, манипулирање и користење на различни ликовни средства и материјали;
- способности за цртање со фломастер и восочен пастел.

## Цели на ликовното воспитание во

## развојниот период од 2 до 3 години

Да се поттикне:

- интересот на детето кон цртање и обликување на едноставни форми;
- интересот за запознавање и користење на различни ликовни и останати материјали (дрвени бои, молив, разновидна хартија, бои, четки, печати, песок, семиња, амбалажа, глина, тесто, глинамол итн.);

- интересот кон истражување и разликување на бои, форми текстури, на предмети во две и три димензии;
- интересот за визуелна перцепција и именување на објекти од околината.
- Интерес за тактилна перцепција и именување на објекти од околината.

**Цели на ликовното воспитание во**

**развојниот период до 3 до 4 години**

Да се поттикне:

- способноста за цртање и обликување на различни едноставни линии и форми;
- љубопитноста и интересот за користење на различен ликовен и неликовен материјал;
- самостојноста во истражувањето, разликувањето и именувањето на основни бои, текстури, простор, форми на предмети во две и три димензии;
- развивање на способности за распознавање и именување на сетилните дразби врз основа на искуствата и доживувањето;
- развивање на способности за опсервација, слушање и имагинација според доживувањата низ ликовните активности;
- развивање на моторички способности и интерес за правилна употреба на ликовните техники и ликовни материјали во презентација на сопствена идеја;
- стекнување на основни знаења за линија, боја, форма, текстура и простор.

## Цели на ликовното воспитание во развојниот период до 4 до 5 години

Да се поттикне:

- способноста за истражување, споредување, именување на бои, текстура, простор, форми, облици на предмети во две и три димензии;
- способноста за правилно користење на ликовниот материјал;
- да се овозможи оспособување за воочување и одбирање на материјали од непосредната околина за ликовно изразување;
- да се поттикне интерес кон моделирање на сложени форми на предмети, животни, луѓе;
- да се развијат способности за истражување и откривање на различните ликовни материјали и техники, како и нивните комбинации;
- да се развијат способности за самостојно, тандемско и колективно ликовно творење;
- да се развијат способности за реагирање според сетилата за вид, слух, мирис, вкус, допир, како и според искуствата и доживувањата;
- да се развијат способности за користење различни материјали, алатки, инструменти, предмети и други достапни ресурси за искажување на сопствените креативни идеи и чувства.

## Цели на ликовното воспитание во развојниот период до 5 до 6 години

- да се поттикне детето кон користење на ликовниот израз во функција на себе-експресија;

- да се поттикне кон естетско доживување на опкружувањето;

- да се оспособи за користење различни материјали, алатки, предмети и други достапни ресурси за ликовно изразување ;

- да се оспособува за творештво при набљудување, користење, комбинирање и истражување со различни ликовни и неликовни творечки материјали;

- да се оспособи за истражување и споредување бои, простор, форми, текстури и облици на предмети во две и три димензии;

- да се воведе во техниките: цртање, сликање, печатење, моделирање и обликување преку разни вежби и игри;

- да стекне ликовни вештини за контрола и координација на движењето на раката при користење на приборот;

- да се оспособи за препознавање и правилно именување на цртачките и сликарските материјали (молив, дрвени/ восочни/темперни,/водени бои, креди во боја и сл.);

- да се поттикне преку користење на ликовните техники да ги изразува своите мисли и чувства;

- да се воведува и запознава со својствата на разни техники и материјали за моделирање (тесто, пластелин, глина и глинамол... );

-да се стекнува со вештини за користење на разни ликовни постапки (гмечење, туткање, кинење, лепење, сечење, цепкање и др.).

(Национална програма за развој на образование во Република Македонија 2005-2015, со придружни документи. (2006).Министерство за образование и наука на Република Македонија. ISBN 9989-2376-70 COBISS.MK-ID 66011914)

## ЗНАЧЕЊЕ НА ЛИКОВНОТО ВОСПИТАНИЕ

Уште од најрана возраст, цртањето со фломастер или пастел, е една од првите омилени активности на секое дете. Сознанието дека детето самостојно презема и реализира активност која остава трага, менува, е една од најважите основи за когнитивниот развој на секоја личност.

Ликовното воспитание овозможува реализација на комплексен развоен процес.

### 1. Ликовно изразување и сензомоторен развој

Детето преку сензомоторните активности на допирање на материјалите, гледање на предметите и преку активностите со нив ги осознава објектите и светот околу себе.

Децата сакаат активности како цртање, сликање, обликување со глина, пластелин, користење на различни материјали за колаж. *Seefeldt* (1993) смета дека нивната радост во процесите на ликовно изразување потекнува од контролата која ја имаат врз изборот на материјалот и самостојноста и слободата во изразувањето. На тој начин се стекнува сигурност и самодоверба во сопствените одлуки и постапки.

Во тек на цртањето или сликањето децата ја развиваат контролата на долгите и кратки мускули (Koster, 1997). Поради тоа е добро да се црта на голема површина, додека фината мускулна моторика се постигнува со помали движења на прстите, дланката во тек на сечење со ножички, моделирање со глина или цртање детали на мали површини. Ваквите активности овозможуваат да се вежба координацијата на око-рака, које е неопходна во подоцнежниот процес на пишување. Со поставување на своите творби во одреден простор, со движењето за да ги земат потребните материјали за работа, децата ја разиваат просторната координација и ја осознаваат својата околина.

## 2. Ликовно изразување и когнитивен развој

За многу малите деца создавањето на ликовни творби е истражување на сензорните активности. Тие со задоволство цртаат со восочен пастел или фломастер. Допирањето на различни материјали е од исклучително значење бидејќи така децата го осознаваат светот околу себе.

Кога ги вклучуваме во ликовните активности, децата се наоѓаат во позиција постојано да носат одлуки и да се проценуваат во активностите кои ги прават. Прво одлучуваат што ќе нацртаат – портрет, дрво, змеј. Понатаму одлучуваат со кој материјал ќе работат, како ќе ги организираат објектите на цртежот. Носат одлука дали ќе го завршат цртежот за подолго или пократко време и на крај проценуваат дали цртежот го претставува она што планирале. Најчесто евалуацијата во оваа возраст се базира на она што им се допаѓа и на она за што другите им кажале дека е добро (Feeney & Moravcik, 1987).

Како што децата растат, така нивните ликовни активности ги надминуваат сензорните искуства и вклучуваат симболички претстави. Оваа рана употреба на симболи е од исклучително значење, бидејќи овозможува подоцна да се создаде основа за детската употреба на зборови. Во оваа фаза,потребно е да се поддржат децата и да им се помогне во именувањето на она што го нацртале.

## 3. Ликовно изразување и социјална комуникација

Учеството во ликовни активности ја гради самодовербата во децата и им дава можност не само да презентираат на цртежот или сликата што претставиле, туку тоа да им го објснат и на другите. (Klein, 1991). Саутер (Sautte, 1994) наведува, дека во комуникација со другите деца се добива повратна информација за ефектот од ликовните тактивности. Реализирање на ликовни творби во мали групи е особено важно за социјализацијата на децата.

# ЛИКОВНА ПИСМЕНОСТ

Потребата од ликовно изразување од најрана возраст е карактеристична за децата од сите временски периоди и сите континенти. На почеток претставува спонатан облик на интеракција со околината, себе-осознавање како единка која остава траги, чија акција има одреден ефект.

Понатаму во тек на процесот на растење и созревање, на личноста и се нудат како можности и други видови на активности. Често иако една од првите самостојни активности, без натаможно образование, спсосбноста за ликовно изразување останува на тоа базично ниво. Целиот свет на линии, бои, форми, нивни односи, можности за пренесување на пораки со нивна употреба, нивно симболичко значење останува достапно само за оние кои навистина ќе покажат интерес.

Ликовното воспитание е наменето за сите деца, без оглед на нивниот почетен интерес или активност. Тоа е основа за натамошно стекнување на ликовна, а подоцна и визуелна писменост. Современиот начин на живот во кој употребата на дигиталните медиуми е секогаш врз основа на визуелната комуникација заради нејзината брзина и инстантно пренесување на пораки.

За да овозможиме сестран развој на личноста на секое дете, неопходно е да им овозможиме услови, најсоодветни содржини, материјали за работа, да осмислиме методи и постапки соодветни за секоја возраст, кои ќе обезбедат запознавање со ликовните елементи и нивна базична употреба. Запознавањето со: точка, линија, насока, големина, форма, боја, простор, како и со ликовните принципи на повторување и контраст се содржини кои одговараат за предучилишното дете.

# РАЗВОЈ НА МЕТОДИКА НА ЛИКОВНО ВОСПИТАНИЕ

## Вовед

Методиката на ликовното воспитание за разлика од методиката на ликовното образование влегува во животот на секое дете во раната детска возраст. Најчесто неинституционално реализирана, од родителите и најблиските секое дете добива хартија, фломастер, восочен пастел со кои ги остава првите траги на својата личност. Тие ги даваат првите упатства за тоа како да се нацрта, како да се држи фломастерот, како да се разликуваат боите.

Цртањето и сликањето се првите спонтани активности на секое дете, кои најчесто немаат цел нешто да претстават, туку се можност за активност и запознавање со предметите од околината. Претставуваат и одличен медиум за комуникација со другите и социјализација.

Преку цртежите детето ги претставува својот когнитивен, моторички и емоционален развој. Во првите цртежи се кријат основите на она што подоцна треба да се развие во комплетна, реализирана личност.

За ликовниот начин на изразување да биде корисно средство во идните животни предизвици, оваа активност не треба да остане на тоа спонтано, природно, почетно ниво, туку треба да се култивира, оплеменува и развива.

Најдобар начин за постигнување на овие стратешки образовни цели е организираното образование во уметностите – традиционално познато како ликовно образование. Соодветно применета во рана детска возраст се вика **ликовно воспитание.**

Образованието е неразделен дел од секоја цивилизација, како непрекината низа од пренесени знаења, стекнати искуства, вештини и способности, во чија основа е основа е потребата за споделување на сознанијата, мислите, достигнувањата**.**

## Почетоците на образованието во ликовната уметност

Образованието е динамичен процес кој постојано се менува и унапредува. Ликовното образование е неразделив дел од човечката цивилизација и ги содржи различните културни ставови на секоја историска епоха.

Историски развој на методиката на ликовно образование ги опфаќа историските периоди, формите и начините на кои техниките на ликовно изразување се пренесувале меѓу генерации. Нивото на стекнатите знаења и вештини во техничка реализација на ликовните идеи секогаш биле основа за одредување на карактерот на ликовното образование. Дополнителен, неизоставен услов за одредување на

- што (СОДРЖИНА)
- на кого (ЦЕЛНА ГРУПА)
- како ( МЕТОДИЧКИ СТРАТЕГИИ, ФОРМИ, ТЕХНИКИ)
- зошто (ЦЕЛИ)

ќе се пренесува како знаење, одредуваат општествените услови и нивото на општествена и лична свест.

Ликовната уметност од способност за изразување на ограничен број на луѓе, во 21 век со посредство на средствата за масовна комуникација станува средство кое овозможува директна и јасна комуникација на целата популација.

Ликовното образование го следи развојот на историските периоди и начини на изразување. Така постојат повеќе фази во развојот на ликовното образование:

- Ликовно образование во праисторија
- Ликовното образование во робовладетелските општества

- Ликовното образование во античката уметност
- Ликовното образование во средниот век
- Ликовното образование во ренесансата
- Ликовно образование во XVIII в.
- Ликовното образование и воспитување во 19 век
- Ликовното образование и воспитување во 20 век
- Ликовното образование и воспитување на почеток на 21 век

Пренесувањето на знаења од ликовната област од **праисторискoто спонтано цртање** пред околу 40.000 г. п.н.е. ги претставуваат пештерски цртежи на линии, точки, траги од дланка. Најстарите цртежи и скулптури на луѓе и животни од коска и камен се од околу 30.000 г. п.н.е. Се претпоставува дека вештината на цртање и користење на природни бои се пренесувала усно, на оние кои биле заитересирани. Често се користеле ликвните дела во ритуали и обреди.

Во **робовладетелските општества на Египет и Персија** ликовните техники се учеле во работилници на мајсторите, а уметниците биле високо ценети во општеството. Ликовните претстави на владетелите во мермер и сликаните форми во вид на хиероглифи или клинесто писмо кои биле составен дел од ликовните дела биле единствен начин за зачувување на историјата и презентација на моќ.

Ликовните дела создавани во **античкиот период** претставуваат одличен пример на акумулирано знаење и искуство во реализација на ликовни дела во архитектура, скулптура со посебно познавање на ликовните принципи на пропорција, композиција, симетрија, начините на прикажување на движење и емоции. Платон (Република 3: 400-401) смета дека импресиите стекнати во детството се трајни и неизбришливи, па е потребно

моралното образование на децата да почне со запознавање со вистински уметнички дела (Ефланд, 1990:14).

Ликовните дела со врвни уметничи и технички квалитети претставуваат посредна презентација за начините како тие се стекнувале.

**Средниот век** е време кога ликовната уметност е посебно врзана за религијата и нејзините потреби да придобие што повеќе верници за потоа да ја покаже својата моќ. Посебни постапки, долги години учење и работа во одреден ликовен медиум бил потребни за да се создадат дела како фрески, икони, цркви, катедрали, џамии.

**Ренесансниот период** е време кога образованието во ликовните уметности се стекнувало во ателјеата на големите уметници, кои имале сопствени методи за едукација на своите помошници.

Микеланџело Буонароти препорачува дека младите сликари треба да поминат една година во самостојно цртање, шест години во подготовки на боите, подготовки на подлога и користење златни листови, во тек на кое време треба постојано да цртаат. Дополнителни шест години се неопходни за да се достигне вистинска способност за фреско сликарство.

„Основата на целото знаење лежи во нашата перцепција", забележува Леонардо да Винчи во своите „Белешки" и ги дефинира основите на истражувањата од научните студии од анатомија, математика, теорија на форма и перцепција, методи на сликање и цртање, кои претставуваат вистински научно-уметнички учебник. Леонардо да Винчи смета дека „Учењето никогаш не ја уморува мислата". Организираното учење е потврдено со создавање на првите Аакдемии во Фиренца ( 1563), Рим (1577) и Болоња (1577).

Дидактичките совети на Коменски (1592-1670) дека цртањето е одлична основа за стекнување на координација на раката која е подоцна неопходна во процесот на пишување, се потврдува со

неговата книга „Видливиот свет во слики“ (1659) која се смета за првата сликовница наменета за деца.

Неколкуте ставови за начините на цртање кои го одредуваат каркатерот на **ликовното образование во 18 век** се:

**Цртање по диктат**, метод со кој учениците го прецртуваат последователно она што наставникот го црта на табла.

- **Стигмографско цртање** (Хигар, 1840, Виена) метод со кој се соединуваат точки по определен редослед за да претстават конечен геометриски или растителен мотив во тетратки со точки (стигми). Често се користело и соединување на точки кои во конечна форма треба да претстават мрежи на сложени декорации.
- **Цртање по репродукции** (копирање на веќе постоечки ликовни дела создадено од *Ramsauer и Shmid* - учениците на Песталоци).
- **Цртање според „природен метод“** кој овозможува,цртање по природа, односно реализација на опсервациски цртежи, со кои се стимулира слободната експресија на учениците.

**Периодот на 19 век е** време на индустриската револуција, кога ликовното образование било потребно за да се овозможи создавање на предмети за секојдневна употреба произведувани масовно. Ова е време на реформација на целокупното образование, а со тоа и на ликовното образование, бидејќи предметот цртање се вовел најпрво во последните години од основното образование. Понатаму идејата за важноста на ликовното образование се проширила, па Шилер во 1808 г. се залага за поттикнување на креативноста, а Раскин (1837) во Англија основа уметничко училиште. Со тоа се отворила можноста за воведување на ликовното образование во сите училишта во Европа.

Во Македонија, во 19 век, зографските и копаничарските тајфи претставувале место каде се стекнувало професионално ликовно образование. Копаничарите Петре Филиповски-Гарката од Гари и Марко и Макарија Фрчковски од Галичник не биле само уметници, туку и пренесувачи на знаењата- мајстори. Најпознатиот македонски зограф од 19 век, Димитар Крстев, познат како Дичо Зограф со својата група има создадено над 2000 икони во црквите во Македонија, Србија и Грција. Неговата книга „Ереминија“, претставува прв ликовно-дидактички прирачник за сите зографи.

**Времето на 20 век** претставува постојан процес на менување на ставовите за ликовното образование и нивниот развој. Најкарактеристични се истражувањата на детското ликовно изразување од психолошки и педагошки аспект.

Се јавуваат неколку значајни фази:

1. Психолошка фаза 1905 – 1930
2. Педагошка фаза 1930 -1960
3. Социолошка фаза 1960 – 2000

**Психолошка фаза** се занимава со истражување на детското ликовно творештво, со негова анализа и значење.

Со собрани околу 100.000 детски цртежи од Михнен и неговата околина, Кершенштајнер (1905) ги класифицирал во три категории: 1.шематски цртежи, 2.цртежи базирани врз визуелен изглед; 3.цртежи во кои има обид за претставување на простор. Со ова на активноста на цртање на децата која до тогаш се сметала за неважна ѝ се припишува особено значење во развој на детската личност.

Марија Монтесори во 1908 г. го промовира ставот дека цртањето и обликувањето овозможуваат развој на способности за перцепирање, за естетско обликување, моторички вештини и дека треба да се реализираат паралелено со активностите, како читање,

ги формира „Детските куќи“, каде создава услови за сензомоторен развој.

**Во педагошката фаза** најголемо внимание се посветува на методичките аспекти од формирањето на една ликовно образована личност.

Делото „Образование низ уметности“ од 1943 од авторот Херберт Рид, поставува нови стандарди во разбирањето на ликовното образование, отвора нови погледи кон значењето на ликовните активности во целосната едукација на секоја личност.

Виктор Ловинфелд од 1947, со својата книга „Креативен и ментален развој“ги дефинира фазите на детскиот ликовен израз. Прв пат се дефинирани и одредени карактеристиките на фазата чкртаници, предшематска фаза, фаза на шема, визуелен реализам, интелектуален реализам. Докажува дека преку согледување и разбирање на фазата во која се наоѓа детето, може да го процениме неговиот ментален развој.

Со ова потврдува дека ликовниот израз во рана детска возраст е од исклучително значење во развојот. Ваквото мислење не е само индивидуално, веќе станува глобално гледање на значењето на ликовните активности, активната перцепција и разбирањето на ликовните односи за секое дете.

Во време на **социолошката фаза** вистинска потврда за значењето на ликовното образование се согледува од Декларација на УНЕСКО за наставата од областа на ликовна уметност. Во неа се потврдува дека:

- ликовната уметност за значајна за развојот на личноста и продлабочување на познавањето на реалноста,
- визуелното образование на децата е потребно да биде потполно поради развојот на детската интелегенција, формирање на вкус,

- ликовното образование има големо едукативно значење на естетски, интелектуален и морален план,
- ликовните уметности може да бидат средство за разбирање помеѓу народите.

Една од најважните придобивки на интелектуалната мисла која се однесува на ликовното образование е дека мотивски заснованото образование не одговара за барањата за разбирање на комуникацијата и творештвото во 21 век. Поради тоа, во САД (1980-1990) се појавува реформа во образованието - Предметно базирано уметничко образование (Discipline Based Art Education - DBAE). Наменета е за сите ученици и претставува начин ликовните содржини како основа на ликовната писменост да се најдат во преден план, наместо мотивот.

Сите промени овозможуваат да се разбере комуникацијата во 21 век, која е доминантно визуелна. Познавање на основите на визуелниот јазик, материјалите и техниките на ликовен израз се неопходни за да се овозможи соодветна акултурација на секое дете.

Наставниците веќе намаат само право, туку и обврска да овозможат услови, методи и техники преку кои секое дете во својата рана возраст, освен со јазична, математичка, ќе се стекне и со неопходната визуелна писменост.

## ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ЛИКОВНО ВОСПИТАНИЕ

На крајот на 18 век првите центри за згрижување на деца од предучилишна возраст, во период кога родителите биле на работа, се отвораат во Старзбур, 1779 и во Баварија, во 1780 г. Училишта за деца од оваа возраст се отворале и во Велика Британија, каде Роберт Овен ја отворил првата установа за предучилишна возраст во Шкотска во 1816 г.

Поимот „Детска градинка“ ( орг. Германски - **kindergarten** ) што буквално значи „Градина за деца“, го воведува Фридрих Фробел со идеја дека децата треба да се одгледуват внимателно како „цвеќа во градина“. Неговиот институт со име „Игра и активност“ од 1837 г. ги одредува основите за ликовното воспитание во светски рамки. Во него освен грижата за децата од предучилишна возраст, се организирале и обуки за воспитувачи кои потоа своето знаење го прошириле со отворање на детски градинки во Европа и во целиот свет. Подоцна во него се дизајнирале и едукациски играчки, кои содржеле геометриски коцки и сложувалки со идеја дека децата ги реконструираат своите доживувања низ игра Се развиле и други активноси како везење, ткаење и моделирање со глина.

Една од основните стратегии во ликовното воспитание потекнува од Фробел, кој сметал дека ликовните активности се особено значајни бидејќи, не само што им овозможуваат на наставниците да ги воочат посебните способности на секое дете, туку им овозможуваат на децата развој на повеќе различни аспекти на нивната личност (Froebel, 1826). Карактерот на овие први установи за организиран престој на децата од предучилишна возраст се главно ориентирани кон играта повеќе отколку кон традиционалниот начин на стекнување на знаења. Греј ( 2013) наведува дека преку игрите децата учат како да донесуваат одлуки, да ги контролираат емоциите, да гледаат и од друга перспектива, да создаваат пријателства.

Со отворањето на предучилишни установи се јавила и потребата за дефинирање на стандардите за образование за воспитувачите. Големо влијание во нивното одредување имаат истражувања и ставови за раното детско образование на Елизабет

Харисон. Од 1908 образованието на наставници за предучилишно воспитание е задолжително во Германија, а следбениците на филозофијата на Фробел, во Англија го основаат Колецот за образование на наставници во 1892 г. Со тоа се направени темелите за развој на предучилишните стратергиите и методите во предучилишно образование.

Историски гледано, постојат различни пристапи во примената на ликовното воспитание во раната детска возраст. Најзначајни пристапи се:

- прогресивен ( развоен)
- предметен
- современ (Efland, 1990, од Twigg & Garvis, 2010).

Прогресивниот (развојниот) пристап во примената на ликовното воспитание во раната детска возраст се заснова на теориите на Пијаже (1950) за ран детски развој и на Ловенфелд за рана едукација со детето во центар. Фазите на детскиот ликовен развој кои ги дефинира Фелдман (1995), ја поддржуваат идејата дека ликовниот израз е презентација на креативниот и менталниот развој на детето. Процесот на ликовна едукација е двонасочен, односно преку ликовни активности, менталниот и креативниот развој на детето се поттикнува.

Предметниот пристап во примената на ликовното воспитание во раната детска возраст ја актуализира важноста на област со развој на предметно засновано уметничко образование (discipline-based art education –DBAE, Efland, 1990). Поддржувачите на овој пристап се залагаат за третман на уметничките области –

музика, ликовна уметност, балет соодветен на другите области како математика, јазик и природни науки, во време кога содржини од уметничките области многу помалку се застапени во програмите за реализација на раната детска едукација.

**Современиот пристап на алтернативни видови на едукација има доминантни претставници во:**

- **Валдорф едукативните установи** (основач - Рудолф Штајнер, кој се залага за наставна програма која овозможува холистички, интелектуален, практичен и уметнички развој на децата. Во предучилишна возраст, фокусот е насочен кон практичните, мануелни активности и креативната игра. Образованието низ експеримент им овозможува на децата да учет низ примери, со поддршка за употреба на природни материјали во ликовното изразување, со пддршка за имагинативни и креативни ликвни решенија.

- **Реггио Емилиа, облик на образовни институции кои се формирани од лорис Малагузи во селата во областа Регио Рилиа во Италија.** Ликовната уметност ја разбира како јазик со кој може да се комуницира. Употребата на ликовното изразување се поврзува со когнитивната и симболичка експресија која е вклучена во процесот на учење.

Постојат голем број на современи активности кои го вклучуваат ликовниот израз во рана детска возраст во секојдневната комуникација во проекти поврзани со околината, учењето и креирањето во музеите, ликовни работилници со професионални ликовни уметници....

# ЛИКОВНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ ВО

# РАНА ДЕТСКА ВОЗРАСТ

Развојот на секоја индивидуа има свој посебен специфичен ритам и квалитет, па затоа е потребно секое дете да се третира како посебна личност, со сопствени спосбности и можности.

Сепак, во процесот на развој на сите деца постојат постојат правила во нивното ликовно изразување кои се одредени со повеќе развојни целини. Секоја целина, фаза претставува презентација на достигнато ниво на интелектуално, гогнитивно и моторичко ниво. Нивните карактеристики се одредени преку истражувањата на Виктор Лавенфелд, Маријана Карлаваж и Џуди Бартон (Lowenfeld,V., Kerlavage, M., Burton, J.)

Развојот е индивидуална карактеристика, па нивото на реализација на ликовните творби често може да варира во однос на возраста, односно понекогаш дете од 4 години се наоѓа во фазата шема, а друго дете, иако на иста возраст со првото дете, може да се наоѓа во друга фаза на ликовниот развој, во фазата пред-шема**.**

**Фази во развој на детското ликовно изразување**:

**<u>2-4 години:</u> Чкртаници** (Read, 1966,Lowenfeld, 1978)

- *пред-репрезентациска фаза (Burton),*
- *создавање на знаци фаза (Kerlavage)*

Во оваа фаза постојат четири под-фази:

1. **Дезориентирани чкртаници**: првите случајно нацртани неконтролирани линии, точки, отворени форми претставуваат само документ за задоволство во кинестетичка активност, без намера да претстават форма или објект. Децата во оваа фаза имаат многу малку или воопшто немаат контрола врз моторната активност.





2. **Лонгитудинални чкртаници**: Децата само сакаат да цртаат сè повеќе и се задоволни што резултат од нивната активност е видлив. Во оваа фаза децата го контролираат повторувањето на движењата. Покажуваат визуелна свесност за активноста и задоволство во кинестетичко движење.



3. **Кружни чкртаници**: со повторување на цртањето најчести се кружните форми.





4. **Именување на чкртаниците:** Постепено чкртаниците стануваат сè поорганизирани, а на крај од оваа фаза децата ги именуваат чкртаниците, што е важен дел од психичкиот развој. Се јавува промена од кинестетичко мислење во смисла на движење, во имагинативно мислење во смисла на слики. Ова е една од позначајните развојни карактеристики

на секое дете – развој на способноста за да визуализира во слики.





Со постепениот ментален развој, се јавуваат и првите свесно нацртани форми во тригодишна возраст кои го презентираат развојниот ментален процес на детето.

***Како да се мотивираат:*** *Добро е децата да добијат можности да оставаат нацртани траги со различни ликовни средства кои лесно се држат. Користете материјали во различни јаки, интензивни бои и текстури.*

**<u>4-6 години:</u> Пред-шематска фаза** (Lowenfeld)

- *први визуелни симболи (Burton),*
- *рано создавање на симболи (Kerlavage)*

Децата во оваа фаза на развој на ликовното изразување почнуваат да ги забележуваат односите меѓу формите кои ги цртаат и физичкиот свет околу нив. Круговите и линиите може да се опишат како луѓе или објекти што се физички присутни во животот на детето. Ова е фазата во која децата за прв пат прават обид да комуницираат преку своите цртежи, така што свесно се трудат да го контолираат нацртаното. Кружните линиски форми во оваа фаза прво од отворени постепено преминуваат во затворени, за потоа да почнат да содржат свесно нацртани точки како очи и линии како нос и уста, со што сугерираат на човечко лице. Ова е фаза во која визуелната идеја се развива, односно цртежите покажуваат кои елементи детето ги забележало и за кои смета дека се важни за претставената личност. Вообичаено не постои, или е минимално разбирањето на простор – формите се раштркани на површината на листот. Во тек на цртање, децата може да го свртат

цртежот повеќе пати. Подоцна, формите од распрснати на целата површина на листот, често се организираат во хоризонтала.

Употребата на боја е повеќе емоционална отколку логична.

Оваа фаза содржи можност за постепено проекција на детскиот развој – после стекнување на моторички способности во претставување на лице, децата напредуваат во претставување на цела човечка фигура. Од веќе линиски нацртаното лице со додавање на две линии за раце и две линии за нозе директно од кругот кој претставува лице, се добива претстава на т.н. „главоношци“, односно почетно претставување на човечка фигура.

Претставувањето на човечка фигура е симболично. Децата се во постојана потрага за нови начини на прикажување, а со тоа и изгледот на симболично прикажаната човечка фигура се менува. Цртежите раскажуваат приказни за секојдневните случки, проблеми со форми кои се надополнуваат во зависност од значењето кое треба да се претстави. Често кога проблемите ќе се претставaт, детето се чувствува подобро во соочувањето со нив.

***Како да се мотивираат:*** *Прашајте ги децата да ги објаснат своите цртежи и да ја раскажат приказната за настанот кој е претставен. Избегнувајте да погодувате што кој симбол значи, само прашувајте*

*и слушајте – така ќе ги мотивирате.*





**<u>6-9 години</u>: Шема** (Lowenfeld),

- *визуелни настани (Burton),*
- *создавање на симболи (Kerlavage)*

Во оваа фаза децата точно знаат што сакаат да претстават. Веќе имаат развиено шема, односно одреден, дефиниран начин на кој ги претставуваат лицата на луѓето, човечките фигури, објектите. Шемата го покажува активното познавање на она што се претставува.

Често имаат и посебен ред во прикажувањето (на пример некои деца почнуваат со цртање на очи, потоа нос, уста и на крај круг околу нив кој претставува глава, други почнуваат со цртање на контурна линија за лице, па коса итн..) Важно е дека децата ги повторуваат своите научени потези.

Оваа фаза лесно се препознава по покажаната свесност за простор. Во цртежите е секогаш јасно одделено небото од земјата ( обично небото е сина лента во горниот дел на цртежот, додека подлогата е обично зелена во долниот дел на цртежот). Објектите кои се претставени се обично раштркани по површината на листот. Често е превртување на објектите, односно она што во реалноста е горе, претставено е долу и обратно.

Објектите кои за децата се посебно важни, за кои децата се посилно емотивно врзани се нацртани поголеми од останатаите без оглед на нивната реална големина (на пр. кучето може да е поголемо од куќа, цвеќе повисоко од човек, членови на семејството прикажани поголеми и помали..).

Боите се претставуваат преку линии, односно со нив се уште се црта.

Посебна карактеристика на оваа фаза е т.н. „рентгенско претставување“ – објектите се претставуваат како да се провидни, како да може да се види низ нив ( зграда во која се гледа што прават жителите во секоја соба, автомобил во кој се гледа моторот, седиштата, воланот, целите фигури на луѓе кои седат во него ...).

**Како да се мотивираат:** *разговарајте како се претставени формите. Нацртаните фигури ја зголемуваат*

*свесноста за деталите. Добро е да ги поттикнете да раскажуваат приказни за својата работа.*





## ЛИКОВНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ ВО ДЕТСКА ВОЗРАСТ

**<u>9-11 години:</u> Фаза на група (Будење на реализам)** (Lowenfeld) **Интелектуален реализам**

- *репрезентација (Burton),*
- *достигната репрезентација (Kerlavage)*

Децата на оваа возраст се критични кон своите цртежи. Последователното цртање на детали, научено прикажување на објектите е веќе непотребно, односно децата веќе можат да претставаат објекти според различен редослед во цртањето. Стануваат свесни дека шематската генерализација не ја претставува реалноста.

Шемата и понатаму се користи во претставување на објекти, но со многу повеќе детали и индивидуални карактеристики, кои сеуште се далеку од натурализам.

Интерес и разбирање на просторот се покажува со претставување на преклопување на објектите, оддалечување на објектите во простор. Се јавува и прикажување на тродимензионалните објектите во обратна перспектива, намалување на објектите кои се одалечени во простор, со додавање на сенки. Во цртежите наместо

линија на основата (подлогата) и линијата на небо, сѐ повеќе се претставува линија на хоризонт.
Оваа фаза уште се нарекува и „фаза на група“, бидејќи дружењето со деца од ист пол е многу често. Ова е период на себесвесност до точка на самокритичност во ликовното изразување. Се претставуваат детали, облека со идентитет, лични карактеристики. Момчињата често прикажуват супер херои, диносауруси, возила, а девојчињата цртаат семејство, пејзажи, модели.
Поради постоење на свесност за недостаток на сопствената вештина во реалистично претставување, цртежите се помалку спонтани отколку во претходната фаза.

**Како да се мотивираат:** *претставете им техники со кои може да ги поедностават сложените форми, како да ги најдат едноставните геометриски форми ( тиаголник, квадрат, круг...) во објектите. Нека истражуваат едноставна перспектива со една централна точка за да ги разберат и развијат просторните релации. Поттикнете ги да експериментираат со апстракни (не-репрезентативни цртежи) за да се развие свесноста за креативните можности на ликовното изразување. Вежбајте поставување на сенки, пропорции и едноставни композиции*







**11-13 години: Визуелен, оптички реализам**

- *псевдо-реалистична фаза* (Lowenfeld)
- *идеите бараат форми (Burton),*
- *уметнички предизвик (Kerlavage).*

Употребата на тонови и светло се јавува во цртежите. Децата во оваа фаза се особено критични кон своите цртежи. Успехот го одредуваат преку нивото на реализам кој е претставен на цртежот. Незадоволство често се јавува како резултат на активна визуелна перцепција и согледување на детали и карактер на целината што се претставува, како и техничката нспособнот да се претстави реалистично.

Додека во претходната фаза процесот на претставување има големо значење, во оваа фаза објектите, и реализираната цел се најважни за детето. Во оваа фаза се одделуваат две основни психолошки разлики кои се проектираат во зависност од ликовниот тип на дете. Така визуелните типови на деца претставуваат форми кои треба да потсетуваат на реалните, додека невизуелните типови на деца прикажуваат субјективни, емоционално презентирани објекти и сцени, кои зависат од емоционалнта релација на детето со нив. Во употреба на бојата визуелните типови на деца го разбираат концептот на менување на боите врз основа на промени во околината, додека невизуелните типови на деца ги користат боите како средство за да покажат емоции.

**Како да се мотивираат:**

*Урамнотежете го опсервациското цртање со уметност исполнета со значење.*

*Покажете им уметнички дела во кои надворешниот изглед е спореден во однос на емоционалната реакција на гледачот.*

*Предлагајте цртање на простор со просторни планови, светло и темно, композиција, употреба на боја.*

*Потребните ликовни задачи насочете ги да ги решават и со употреба на дигитални медиуми, на пример: топли и ладни бои, пејзач – фотографија, затворена композиција со мобилен*

*телефон, плакат или покана за концерт или со употреба на едноставни компјутерски програми за цртање и сликање итн.*




**14-16 години: Период на одлука**

Ликовното изразување во оваа фаза е нешто со што треба да се продолжи и понатаму, или да се остави.

Природниот развој престанува освен ако не се донесе свесна одлука да се продолжи со стекнување и унапредување на споосбностите за ликовно изразување. Учениците се критични и свесниза непотполноста во нивното изразување и лесно се обесхрабруваат. Lowenfeld советува запознавање со богатиот фонд на светско ликовно наследсво, со вклучување на не-репрезентациска уметност и запознавање и со други ликовни дисциплини- архитектура, внатрешен дизајн, текстилен дизајн ( н.з. графички дизајн, фотографија, сликарство, скулптура...).

**Како да се мотивираат:** *Поттикнете ликовно изразување кое е мотивирано од емоции. Анализирајте ги ремек-делата на големите мајстори на ликовна уметност за да се стекне искуство и познавање на широк спектар на ликовни техники кои може да се користат во оваа возраст.*




## РАЗВОЈ НА ДЕТСКИОТ ЛИКОВЕН ИЗРАЗ

Повеќето истражувања за развојните фази на детското ликовно изразување потврдуваат дека наставата по ликовното воспитување се заснова на сознанија за детското ликовно разбирање кое е во согласност со развојот на општите спознајни способности на детето (перцепција, претстави, поим).

Оддлени ментални активности - *набљудување, емоции, интелектуални функции и моторичкото изразување на различна возраст* во ликовното изразување имаат важна функција. Тие се во кохезија со природните случувања која ги стимулира ликовните активности, а тоа доведува до различно ликовното изразување на различни возрасти.

Големиот број направени анализи отвораат повеќе прашања за досегашното воспитување, начинот на кој се изразуваат децата во различното креативно претставување, различните концепти на претставување на објектите, а и интересирања за изборот на објектите.

Досегашните анализи на образованието и карактеристиките на развојот на спознајниот и визуелниот процес кај детето, водат кон заклучок дека тој процес треба свесно да се организира, насочува и поттикнува, притоа не интерферирајќи со неговите природни и спонтани текови.

## ЛИКОВНИ ТИПОВИ ДЕЦА

Ликовното изразување на децата ги следи законитистите на физичкиот, интелектуалниот и емоционалниот развој соодветен за одередена хронолошка возраст. Развојот на пецептивните, моторички и сознајни способности е под влијание на природниот развој и на средината во која детето расте.

Ликовното изразување е една од првите спонтани, а подоцна смислени и организирани активности на секое дете. Но и покрај одредените првилности во развојот на ликовните способности во

однос на возраста, сепак постојат индивидуални разлики во цртежите, сликите, скулптурите меѓу децата од иста возраст. Во процесот на ликовно создавање се активираат повеќе психички способности, но нивниот однос е посебен и уникатен за секоја личност. Во секоја личност постојат карактеристики кои повеќе се истакнуваат, но и карактеристики кои се супримирани или се помалку нагласени, што има влијание врз сечиј ликовен израз.

Цртежите, сликите, скулптурите, колажите, графиките, дизајнерските решнија на учениците се вистински извор на информации за карактеристиките на секој од нив. Внимателно следење, анализа не само на една, туку секогаш на целина, на повеќе ликовни творби може да биде основа за носење на валидна проценка за кој тип на ученик станува збор.

Ликовните дела на учениците ги претставуваат не само нивните општи карктеристики како личности, туку и нивната психолошка, емотивна состојба, со што претставуваат важен показател за нивото на разбирање на наставната содржина, за стекнатите технички способности и вештини.

Врз основа на тоа кои карактеристики се истакнуваат и во кој обем, разликуваме повеќе ликовни типови на деца. Оваа поделба се однесува и на ликовни типови на ученици, односно ликовни типови на луѓе, бидејќи основа за одредување на одреден тип се базичните карактеристики на личноста. Обично во дефинирање на ликовниот тип на дете влијание имаат повеќе карактеристики, па може да има:

- визуелно – конструктивен тип,
- визуелно – графички тип,
- имагинативно – графички тип,
- имагинативно- колористички тип,
- аналитичко – просторен тип,
- аналитичко-декоративен тип, итн.

Генерално, ликовните типови на деца може да ги поделиме врз основа на два критериуми:

1. ликовни типови деца во однос на психичките карактеристики;
2. ликовни типови деца во однос на афинитетот кон одреден ликовниот израз;



## ЛИКОВНИ ТИПОВИ ДЕЦА ВО ОДНОС НА ПСИХИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ

### ВИЗУЕЛЕН ТИП

Активна визуелна перцепција е основна каркатеристика на овој ликовен тип на дете. Таа му овозможува забележување на детали на реалните објекти, и нивните заемни односи. Особено е развиена способноста за реалистично и објективно прикажување и верно пренесување на стварноста без нејзино менување.

Визуелниот тип на дете ја наоѓа убавината во секојдневните ситуации, вообичаено е инспириран од убавините на природата или од секојдневните објекти кај кои умее да ја забележи поетичноста. Овие деца се заинтересирани и за претставување и на портрети, растенија и животни во кои наоѓаат естетска убавина. Често реалистичноста во прикажувањето не им овозможува да ја претстават ликовната композиција со креативност и личен белег.

Поттик наоѓаат во стекнување на технички способности за уште пореалистично прикажување како за формите, така и за боите и текстурите. Потребно е да се стимулираат со внесување на имагинативни елементи во своите ликовни творби, како и во напорите преку нив да претстават своја идеја, а не само обид за фотографски цртеж, слика или скулптура. Добро е да се запознаваат и со други ликовни техники како графика, колаж, асемблаж, експресивно цртање и сликање, кое ќе им овозможи послободно да ја користат својата способност за реалистично претставување.





**ИМАГИНАТИВЕН ТИП**

За разлика од визуелниот тип, имагинативниот тип на дете воопшто не се занимава со точност во реалистично претставување. Прецизноста во претставувањето на објектите и деталите не е во фокус на неговиот интерес.

Перцепираната реалност ја претставува изменета со својата фантазија и внесува неочекувани промени во однос на форма, содржина, композиција. Фантазијата е светот во кој овој тип на дете најлесно се снаоѓа, и со радост го реализира. Таа е бескрајно поле преполно со креативни идеи. Овој тип на дете интерес наоѓа во претставување на специфични бои, форми, големини. Во неговите креации се гледа слободно, неограничено создавање, спонтано и без самостојна потреба од подредување на некој авторитет.

Овие деца се отворени за разговор, сакаат вербално да ги објаснат своите креации, прифаќаат сугестии ако сметаат дека го унапредуваат нивниот начин на прикажување.

Во неговите ликовни дела често недостасува компактност и јасност, но способноста за слободно и креативно ликовно изразување секој наставник треба да ја негува, стимулира и развива со имплементација на елементи од ликовниот јазик.





## АНАЛИТИЧКИ ТИП

Аналитичка перцепција, склоност кон забележување на детали и прецизност во реализирање на творбите се основно каркатеристикина овој ликовен тип. Целината претставува комплицирана сложувалка во која секој дел има свое значење и свое место. Без сите елементи за кои овој тип на дете смета дека се неопходни (а нив често ги има навистина во изобилство), целината не е завршена. Таа се перцепира само како збир од повеќе делови, кои поединечно во сваќањето на овој ликовен тип на дете се од исклучителна важност. Деталите се јасно и логично претставени. Во ликовните претстави аналитичката перцепција на овој ликовен тип често одушевува со покажување на финеси и суптилни елементи. Најчесто сака да црта, бидејќи на тој начин може прецизно и јасно да ги покаже и најмалите делови. Во неговите цртежи приказната, последователноста, раскажувањето преку слики има најголемо значење. Овој ликовен тип е самокритичен, интелектуално насочен, размислува апстрактно.

За да се развие и обогати неговиот начин на изразување потребно е да му се овозможи да слика со темперни, акрилни бои, да претставува текстури и да се запознава со реализација на композиција како целина на повеќе делови. На тој начин ќе му се овозможи да го разбере значењето на целината и покрај склоноста

во прикажување на детали.








## СИНТЕТИЧКИ ТИП

Истакнување на целината, а занемарување на деталите се основни карактерстики на овој ликовен тип на дете. Во изразувањето тргнува од целината кон деловите, користејќи ги само оние детали кои се неопходни за да се претстави основната идеја. Тоа го постигнува со поедноставно прикажување на формите, волуменот и просторните односи. Развиената способност за синтетичка перцепција овозможува рационален избор на минимум компоненти потребни за да се разбере целината на претставената сцена.

Ретко го интересира претставување на илузија на тродимензионален простор, а кога и го претставува просторот користи мал и редуциран број на елементи.

Интелектуалниот пристап како и кај аналитичкиот тип на дете е основа која го дефинира ликовниот израз, но со потполно спротивна појавност и карактеристики. Во ликовниот израз на овие деца, често доминира одредена ситуација со цел да се презентира концизно визуелна порака или став.

Потребно е повремено да му се обрнува внимание за претставување на детали, но со постојана поддршка во оплеменување и потенцирање на способноста за разбирање на целината.





## ИНТЕЛЕКТУАЛЕН ТИП

Пред да почне со реализација, интелектуалниот тип на дете има јасна и прецизна идеја за својата творба. Се труди да ја разработи во што повеќе варијанти, за да го одбере најдоброто решение. Поаѓа од разумот и плански, систематично и постапно ја гради својата ликовна креација. Често користи математичка прецизност и силни конструкции преку кои го претставува своето знаење.

Елементите кои ги користи во голема мера се релистично претставени. Ако пак е претставена креативна форма или неочекуван простор од фантазија, секогаш елементите кои го градат имаат логична функција и поврзаност.

Понекогаш овој ликовен тип на дете нема храброст да претстави имагинација или емоција во она што ќе го осмисли и се фокусира само на реалистичен приказ на саканата сцена.

Интелектуалниот тип на дете почесто сака да црта отколку да слика. Боите се во контекст на објективно претставување на одбраните форми, односно онака како што е во реалноста.

Обично секогаш ги разбира и може да ги објасни своите творби во контекст на поставениот ликовен проблем.





## ЕКСПРЕСИВЕН ТИП

Презентација на сопствените емоции најчесто низ бои, но и форми е основна каракеристика на овој ликовен тип на дете. Се изразува спонтано, дозволува чувствата да го водат во процесот на ликовно изразување. Често се случува да почне без јасна ликовна идеја, но во процесот на креација, дозволува да го водат почетните форми. Може да почне од една идеја, емоција, замисла, а да заврши со нешто потполно поинакво.

Доживувањето во тек на цртањето или сликањето, моменталната состојба е најважна во неговите ликовни творби. Поради тоа, спонтаноста е една од основите и најважни карактеристики на овој ликовен тип. Основно ликовно изразно средство е бојата. Прикажаните емоции може да бидат лирски, нежни (со пастелни и пригушени бои, но јаки и впечатливи потези) или драмски, погруби, бурни ( со контрастни, интензивни бои и динамични потези). Омилен начин на изразување е сликање со темперни, акрилни бои, цртање со јаглен, пастел.

Освен изборот на бои, спонтаниот потег што го одразува моментот ја прави разликата со другите ликовни типови голема. Прикажаните елементи имаат улога во прикажување на сопствените емоции. Овие ликовни типови на деца очекуваат брзо да завршат со реализација, но ако им се овозможи да стекнат информации за поуспешно претставување, обично имаат интерес да го разберат во контекст на својот ликовен израз.

Оригиналноста е честа карактеристика на овие типови на деца. Вообичаено доминира цртачко-колористичка емоција без прикажани детали која е во голем број од случаите без адекватна техничка вештина. Светот кој го претставува е самостоен, различен, без потреба да се споредува со другите.

Потребно е да се стимулира експресијата во изразот и понатаму: јаки интензивни бои, контраст на форми, слободни експресивни потези. Слободата во ликовното изразување треба да се надградува со техничка спретност.









## ЛИКОВНИ ТИПОВИ ДЕЦА ВО ОДНОС НА АФИНИТЕТОТ КОН ОДРЕДЕН ЛИКОВЕН ИЗРАЗ

### КОЛОРИСТИЧКИ ТИП

Основно средство за изразување е бојата. Светот во бои го радува и стимулира овој ликовен тип на дете. Перцепцијата на бои во исто време претставува и интуитивен однос кон бојата. Таа за него има особено силно симболичко значење, можност за покажување на сопствените емоции, опшување на одредени настани.

Перцепцијата на боите, нивните тонови, полутонови и валери е посебно јасно изразена. И најмалите разлики во боите се собено важни. Боите често се и начин и можност за самоидентификација, како и за претставување на другите луѓе. Овој ликовен тип повеќе ја чувствува површината и колористичките односи отколку линијата. Таа за него има споредно значење или е потполно непотребна. Интензитетот на бојата зависи од личните карактеристики - јаки и интензивни бои или нежни и пастелни бои. И во двата случаи боите се директен показател за емотивната состојба на детето – секоја комбинација на бои го проектира личниот свет на детето, неговиот емотивен однос кон средината и мотивот кој се обработува.

Наставникот треба да ја зачува експресивноста или лиричноста во користење на боите кај овие деца, но треба да ги надгради со имплементација на цртеж и јасна композиција.






## ГРАФИЧКИ ТИП

Основно средство за изразување е **линијата.** Овој ликовен тип на дете најлесно се изразува преку разновидни видови на линии. Неговата најдоминантна способност е да презентира различни видови на линии: од груби до нежни, од дебели до тенки, од темни до светли , од експресивни до лирични.

Најчесто линиите кои се користат се контурни, со различна дебелина и експресивност. Целта им е да претстават одредена приказна, настан и содржат повеќе наративни, раскажувачки, отколку експресивни елементи. Графичкиот ликовен тип на дете го користи често стрипскиот начин на прикажување кој му овозможува детално и последователно прикажување на саканите настани. Креативноста се покажува во необично нацртаните форми и ликови, како и во смислување на приказната. Поради тоа, цртежите често презентираат богатство на детали и симболи. Бојата е во втор план и се користи да ја потврди приказната.

За да се унапредат способностите на овој ликовен тип, потребно е да му се овозможи запознавање со карактеристиките и можностите на боите во опишување и објаснување на одредена претставена сцена, на експресивниот, помалку прецизен начин на прикажување кој овозможува поголема презентација на емоции. Потребно е да се задржи и унапреди цртачката вештина со потенцирање на боите во претставување на целосен цртеж.





## КОНСТРУКТИВЕН ТИП

Основно средство за изразување на конструктивниот тип е **формата** и во неговите ликовни творби посебно е потенцирана меѓусебната поврзаност на формата и подлогата ( хоризонталата).

Од самиот почеток го води прецизна и дефинирана идеја. Овој тип на дете тргнува од целината на која потоа се надоврзуваат формите јасно поставени во просторот. Неговите креации секогаш имаат  изразена цврстина и конструкција во претставувањето. Во ликовниот израз на ова дете особено му се важни стабилноста, цврстината и односите помеѓу формите. Бојата е обично споредна со функција да ја потенцира формата. Способностите на овие типови на деца најчесто се покажуваат во рационалност, оптичка чувствителност и аналитичка перцепција. Уживаат во прикажување на целата сцена со геометриска прецизност и математичка точност.

Овие типови на деца често се упорни и доследни, строги кон себе додека не ја завршат ликовната творба. Постојано имаат високи критериуми насочени кон реалистичен израз. Ликовната конструктивност  е логична и смислена.

За да ја надградат својата способност, добро е да се потенцира имагинативноста во претставувањето и употреба на бојата како лирски или експресивен ликовен елемент.

 





**ИМПУЛСИВЕН ТИП**

Основно средство за изразување на дете кое припаѓа на овој ликовен тип е потег – гест. Убавината на спонтаното мешање на боите е позначајна за овој ликовен тип на дете отколку копозицијата и внатрешната јасна структура. Поради ова, често се јавува кај цртежите на овие деца недовршеност и нејасност.

Импулсивниот тип на дете се раководи од сопствените емоции и фантазија, а композицијата ја гради со слободни, експресивни потези. Слободата и брзината во реализација на ликовната креација му е особено важна. Моменталната состојба на неговите мисли и нивна што подиректна презентација се доминантни насоки во ликовниот израз на овие деца.

Брзината на цртање и особено на сликање ја поттикнува неговата фантазија и креативна експресија. Моторичката способност за кратко време да реализира ликовна претстава е доминантна и ја надвладува потребата за почетна јасна идеја.

Често импулсивните типови на деца немаат концентрација и трпение за перзистентно унапредување и корегирање на цртежот или сликата. Задоволни се со глобално претставување на форми, без употреба на споредни елементи. Деталите се занемарени, а целината и експлозивноста доминираат.

Формите се динамични, разиграни и слободни, како резултат на визуелно паметење  и се претставуваат не како што во моментот изгледаат, туку повеќе онака како што се доживеани. Ликовната перцепција е под влијание на моментот и расположението отколку под влијание на прецизно претходно зацртана идеја. Овие деца имаат потреба за јавно покажување на својот став, што е особено изразено преку слободен и богат колорит и потег. Емоционалната интелигенција често е посебно изразена карактеристика кај овие деца.

За да се развива креативноста и понатаму, потребно е да се потттикнува  детето со нови визуелни стимули и медиуми ( репродукции, импасто сликање, колаж, витраж) кои ќе овозможат имплементација на елементите од ликовниот јазик во неговата потреба за брзо и експресивно сликање и цртање.









## ПРОСТОРЕН ТИП

Просторниот тип на дете има развиена активна перцепција насочена кон регистрирање на промените во просторот околу себе. Основно средство за изразување е просторот, го анализира и има способности да го претстави просторот објективно, со јасна намера за реалистично претставување на предметите во него. Ја разбира просторната оддалеченост и поставеност на објектите во просторни планови. На помала возраст кога објектите за кои е детето емоционално поврзано природно се претставуваат поголеми, можно е да се погреши во проценатa на овој тип на дете. Но во тек на растењето, со сѐ поголемо интелектуално ангажирање и разбирање на претставувањето на просторот рационално, со леснотија се претставува позиционираноста на помали елементи во позадина, а поголеми во преден план. Овој ликовен тип на дете секогаш се труди прикажаните елементи да ги усогласи во однос на нивната поставеност далеку-блиску со: големо – мало, темно – светло, интензивни бои - пригушени бои.

Често овие ликовни типови на деца се стемат кон тродимензионално изразување, па се посебно мотивирани кога треба да обликуваат или моделираат ( скулптури од глина, хартија, метална фолија, картон, маски од хартија).

Добро е да се овозможи на овој тип на деца да разберат дека со претставување на простор може да се пренесат и подлабоки смислени пораки.




## ДЕКОРАТИВЕН ТИП

Основно средство за изразување на декоративниот ликовен тип се површини и детали. Формите ги претставува дводимензионално и го занемарува просторното прикажување.

Во неговите ликовни презентации не постои прикажување на илузија на простор со големи и мали форми, ниту прикажување на илузија на простор со преклопување на форми.

Перцепцијата е насочена кон анализа на површините во околината, што е основа за разбирање и креирање на композиции со украсни форми. Овој ликовен тип на дете е насочен кон декоративно изразување, па во неговите творби најчесто се јавуваат орнаменти и арабески.

Линиите ги користи како контурни за цртање на дводимензионални форми. Боите се особено важни во одредување на декоративната површина. Цртежот е прецизен, аналитички смислен и колористички одреден во однос на целината.Светот на овој ликовен тип на дете е свет на применетата уметност, односно на различни видови на дизајн. Понекогаш неговите цртежи содржат односи на форми кои се често се повторуваат во различни цртежи.

За да се стимулира неговата ликовна креација, добро е да се запознава со декоративни форми од различни култури и различни историски стилови. Освен цртање со молив, фломастер, дрвени бои, во развојот на неговиот израз може успешно да влијаат и други ликовни техники како пастел, колаж, витраж, сликање со темперни бои, акварел...





# МЕТОДСКО-ДИДАКТИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС ПО ЛИКОВНО ВОСПИТАНИЕ

Методиката на ликовно , воспитание е научна дисциплина која има свои посебни карактеристики и специфичности. Некои од методско-дидактичките инструменти се соодветни и слични со оние кои се имплементираат во реализација на другите предметни области, но има и одредени кои се специфични само за реализација и култивирање на ликовниот израз на децата.

За имплементација адекватна со современите стандарди и во склад со развојните карактеристики на учениците, потребно е воспитувачот да ги почитува и користи одредените методички начела со кои ќе овозможи современ, стручно и креативно воден процес на ликовно воспитание. Основните параметри кои ова го овозможуваат се познавањето на:

► **Специфичностите** на наставата по ликовно воспитание

► **Принципите** на наставата по ликовно воспитание

► **Формите** на работа во наставата по ликовно воспитание

► **Методите** на работа во настава по ликовно воспитание

## Специфичности на наставата по ликовно воспитание

Секоја предметна област има свои особености и карактеристики по кои се разликува од другите области.

1. **Развивање на способноста за воочување, доживување, создавање и проценување на убавото,** Хусковиќ (2013):

Основна и најважна карактеристика на ликовното , воспитание е најтесно поврзана со поимот за убавото. Таа е основа за естетскиот развој и претставува комплексна активност која се состои од неколку степени на развивање на способностите кај учениците:

- воочување,
- доживување,
- создавање и
- проценување на убавото.

Стекнување и развивање на активната перцепција за препознавање на визуелната убавина во природата и во ликовните дела е поврзана со емоционалниорт развој и со когнитивниот развој на децата. Од исклучително значење е средината која треба да ги поттикне учениците да се чувствуваат пријатно во контакт со ликвните дела и на тој начин да ги разберат и да ги усвојат вредностите кои се во нив презентирани.

Следна фаза е раѓање и поттикнување на потребата за создавање ликовни дела, која оди паралелно со развој на способностите за процена на убавото. Развивање на сопствен естетски вкус е процес кој трае подолг период, но потребно е да се постават темелите на критериумите кои ќе се градат понатаму во животот.

Кога станува збор за способноста за создавање на убавото, Хусковиќ (2013) наведува дека творечкото подрачје е едно од најзначајните подрачја на личноста, па затоа е потребно да се поттикнува креативноста, оригиналноста, работните навики и запознавањето со различи ликовни материјали и техники.

## 2. **Ликовната активност како специфичен работен процес,** Ордев (2004).

За разлика од другите предметни области во кои за методичко осмислување неопходна е поделбата на часовите според одреден тип (воведен час, обработка на нова содржина, час за вежбање, за повторување, за утврдување, комбиниран час, час за проверување на знењата - усно или писмено, за пренесување на ново знаење, за развивање на спосбности и вештини), во ликовното образовние и воспитание активностите секогаш вклучуваат запознавање со содржина и практична реализација. Само теоретското проверување Од ликовните дела на учениците може да се процени дали:

- наставната содржина е разбрана,
- во кој степен,
- дали е разбрана ликовната техника,
- во која мера се развиени техничките способности за нејзина реализација,
- дали е употребен поставениот мотив и
- кое ниво на креативност е постигнато.

Овие сложени методски анализи се неопходни во реализација на секоа активност по ликовно , па поради тоа ликовната активност претставува специфичен работен процес.

Основна форма на работа која е најважна карактеристика на активностите по ликовно воспитание е индивидуалната форма на работа, бидејќи преку неа најдобро се проценуваат знаењата и постигнувањата на секое дете.

Комплексноста во проценување на успешноста на учениците во ликовното изразување и ликовното разбирање, како и во проценување на ликовната писменост на секој ученик може да се постигне преку овој облик на работа.

## 3. Синтеза на емоции и разум

За адекватно разбирање на содржините кои се обработуваат на часовите од предметот ликовно образование не е доволно да се активира само интелектуалната компонента на личноста на ученикот.

Уметничката активност е специфична комбинација на разум, емоција, интуиција, активна перцепција и креативна експресија.

Сите овие поодделни различни компоненти на личноста на секој ученик се активираат со стимулирање во различен степен и различна комбинација на секој час од ликовно образование.

Неопходно е наставникот да познава широк спектар на дидактички компоненти и методички постапки за најдобро потттикнување на креатовност на секој ученик пооделно.

## 4. Доверба и почитување

Довербата во наставникот е една од најважните карактеристики на секој наставен процес, директно поврзана со мотивираноста и вољата за учење.

Довербата е од исклучително значење на активностите по ликовно, кога нема едно и единствено решение на задачата што е поставена за сите ученици, туку е важен индивидуален пристап и креативно решение на секое дете. Во ваква поставеност на односите, наставникот треба точно да ги постави стандардите и критериумите за оценување, за да може индивидуалната корекција на работата да биде разбирлива и јасна за сите.

Основа за стекнување на доверба се:

- правичност,
- непристрасност,
- исти критериуми во оценувањето.

Тие се основните елементи кои создаваат атмосфера полна со разбирање, релаксираност и концентрација во пристапот, исполнетост и задоволство во реализацијата на различните ликовни техники и ликовни подрачја.

Радоста на создавање, желбата за откривање на нови ликовни техники и начини на претставување на своите идеи е можно да се поттикне со искрен, професионален и доследен однос на наставникот и воспитувачот.

## Форми на работа во наставата по ликовно воспитание

Формите на работа во ликовното воспитание се идентични со основните форми на работа во сите други воспитно-образовни подрачја. Тоа се:

- ► Индивидуална форма на работа
- ► Групна форма на работа
- ► Фронтална форма на работа

На секоја активност по ликовно образование се користат сите форми на работа, но со различен редослед и различно времетраење во зависност од наставната содржина и конципираноста на самата активност од страна на наставникот. Фронталната форма на работа се реализира од страна на наставникот, а индивидуалнта, групната и работа во парови се реализираат со децата во зависност од инструкциите кои ги дава воспитувачот.

## Принципи во наставата по ликовно воспитание

Општите начела кон кои треба да се придржува секоја наставник по ликовно воспитание ги викаме–дидактички принципи. Тие се однесуваат на сите компоненти во воспитно-образовниот процес по ликовно, ги одредуваат и ги дефинираат нивните аспекти.



- **Квалитет на содржини и средства за работа**

Овој принцип се однесува на користење квалитетни воспитно-образовни содржини, односно содржини кои за одредената предметна област се дефинирани во Пртограмата за рано учеењеи развој за соодветна возраст. Погрешно и непрофесионално е активностите од една предметна област да се реализараат како содржини од друга област како главни (на пример, наместо наставната содржина „Основни бои“, да се реализира само мотивот „пролет“, које е содржина во друга предметна област).

Квалитетот на содржини подразбира и користење на нагледни средства со потврден естетски квалитет – ликовни уметнички дела, цртани филмови, музика како илустрација или мотивација на потврдени автори. Потребно е да се избегнуваат содржини кои имаат низок или непотврден ликовен квалитет (како на пример слики или фотографии со нејасен визуелен израз, или приемри кои не го претставуват ликовниот елемент соодветно за возраста). Само со правилно реализирање на предвидените содржини ќе се овозможи квалитетен воспитно-образовен процес. Квалитетот на средствата за работа, односно на материјалите кои се користат во реализација на одредена ликовна техника е основен услов за добивање на кавалитетни ликовни решенија. Во предучилишна возраст е особено значејно да се користат материјалите за ликовно изразување кои се соодветни за оваа возраст- темперни или акрилни бои, пластелин, глина, глинамол, тесто, фломастери во јаки бои со различна дебелина, колаж хартија...

- **Свесност и активност**

Неопходна компонента за усвојување на наставната содржина, за реализација на ликовната техника, за стекнување на потреба за креативно ликовно изразување.

За успешна активност на воспитувачот, потребно е негово правилно проценување на свесноста и активноста на децата во сите делови на часот. Тоа се согледува со започнување на разговор со децата, проверка да ли ги следат упатствата на наставникот, дали ги реализираат задачите, колку им се јасни делови од наставната целина ( потребно е да се проверува постојано и постапно) и секако целината на наставната содржина ( дали е реализирана задачата).

Имплементација на овој дидактички принцип овозможува децата да се запознаат со дел од огромните можности на креативен ликовен израз, за можностите на презентација на сопствените идеи, за правилно и слободно користење на ликовните техники, со што се потврдува основната карактеристика на ликовното творештво – свесна и насочена активност.

Свесната активна реазлизација на поставената ликовна задача значи дека ликовниот проблем е разбран, правилно поставен, со јасно претставени начини на негово решавање.

- **Воспитно-едукативен развој**

Принципот кој се однесува на обезбедување на воспитно – едукативен развој на ликовните содржини е тесно поврзан со принципот на квалитет на содржини и средства за работа. Поттикнување на упорноста, трудољубивоста, љубопитноста, желбата за иновација и креативност се основните каркатеристики на секој добро осмислен образовен процес. Тие ја градат личноста на децата со квалитетни, позитивни особини и ставови кои се важни во процесот на формирање на личноста на учениците. Емаптичен и другарски однос кон другите ученици, почитување на нивната работа и ставови се особено важни сегменти во реализација на практичната работа на секој час по ликовно образование. Соочување со сопствените грешки и обиди за нивно решавање, како и слободата во барање на нови и оригинални решенија се одлична основа за развој во сите други сегменти во животот. Реализација на овие сегменти е одлична основа за спречување на кичот, имитациите и копирање на туѓи готови решенија, кои во ликовната уметност се особено значајни.

Воспитна карактеристика претставува и внимателниот однос кон ликовните материјали, нивно соодветно користење, средување на работниот простор после завршување на активностите и сл.

- **Интерес и мотивација**

Ликовните творби се првите форми на изразување на секое дете. Тие се спонтано, природно и слободно покажување на сопствените мисли и состојби во сите фази од развој на детската личност. Интересот за ликовните активности во раната детска возраст е воден од потребата за комуникација, како и од потребата за активност и естетика. Овозможува презентација на емоции, ставови, согледувања, на невербален, сликовен начин, кој е директен и специфичен за секоја личност.

Со тек на растењето, се зголемувааат начините на комуникација, таа станува покомплексна и посодржајна. Како и сите други форми на писменост (лингвистичка, математичка, музичка ....), така и ликовната писменост за да овозможи комуникација на повисоко ниво, потребно е да се продлабочува и интензивира, што подразбира натамошен свесен напор за решавање на одредени задачи.

Интересот за совладување на предизвици во визуелната област, е во тесна поврзаност со доживувањето на поставените ликовни задачи. За да бидат децата комотни во ликовната сфера, да се чувствуваат пријатно и мотивирано, неопходно е наставикот да ги презентира ликовните содржини на начин кој предизвикува интерес.

Еден од подобрите начини за поттикнување на занимање за одреден ликовен проблем е поврзаност на ликовните задачи со светот на детето, со неговата околина, со ликови од приказните и цртаните филмови, со животни ситуации во кои детето најчесто се наоѓа.

Играта како начин да се предизвика интерес за ликовната активност е секогаш добредојдена. Различните игри овозможуваат забавно и пријатно фокусирање на саканиот ликовен елемент или принцип, кој всушност претставува наставна содржина.

Умешноста на наставникот и неговата креативност се пресудни во правилно осмислување и одбирање на игри во ликовната активност. Игрите на препознавање, активна перцепција, тактилна перцепција, меморија кои се одвиваат во непосредната околина, се значајни како и игрите кои се претставени во дигитална форма. Компјутерските игри, компјутерските програми за цртање, апликациите на мобилни телефони се достапни за децата од најрана возраст, а со нивното лесно користење претставуваат одлични средства преку кои може да се реализира ликовна едукација, која ќе биде забавна, инстантна и ефикасна.

Со користење на игрите во ликовните задачи, се поттикнува важен сегмент од креативниот процес, од имагинативноста и фантазијата, потребата од барање на нови решеија, компетитивноста и оригиналноста. Кога веќе ќе се постигне начин на функционирање на детската личност со овие карактеристики, тие стануваат составен дел од растењето и начин на сознавање и делување во светот и во останатите периоди од животот.

Децата преку игрите стануваат поотворени за нови сознанија и искуства, го развиваат ликовниот израз и ликовниот вкус како свој постојан интерес и начин на комуникација.

- **Прилагоденост на содржините според возраста на децата**

Возраста на децата е важен фактор во одредување на целите и задачите кои треба да се постигнат. И покрај тоа што секој ученик има свои индивидуални психо-физички карактеристики, сепак заедничките особености на возраста и на развојното ниво определуваат прецизни содржини кои треба да бидат усвоени, а кои се различни за секоја возраст.

Клучен фактор во проценување на способностите на децата е познавањето на фазите на детскиот ликовен израз во предучилишна возраст. Наставните програми веќе во себе вклучуваат распределба во однос на карактеристиките на секоја

пооделна возраст, но секоја група на деца, содржат различни карактеристики кои треба да се почитуваат во тек на планирањето на наставните содржини.

Во поставувањето на ликовните задачи, секогаш треба да се има предвид тежината и сложеноста, како во поставување на ликовниот проблем, така и во однос на ликовната техника. Во целиот период во рамките од една учебна година, неопходно е да се види промена во способностите кои учениците ги стекнуваат, како во однос на развивање на активната перцепција, така и во однос на способностите кои се однесуват на техничка реализација на веќе познатите и на новите ликовни техники.

Сликањето со темперни бои кои се усвојува уште од предучилишна возраст, се применува во сите следни години од воспитно – образовниот процес. Соодветно и техниките на моделирање и обликување, цртачките и графичките техники треба да бидат осмислени во склад со тековните способности на децата, но и да овозможат развој, нивно унапредување и усовршување.

Правилно користење на методичките постапки треба да биде испланирано во корелација со очекуваните резултати од секоја активност. Целта е знаењето и искуството на наставникот во директната комуникација со децата да овозможи рамнотежа во тежината на задачата и можноста за нејзино разбирање од страна на децата. Но за да се има превид и развојната компонента на едукацијата, секогаш е потребно задачата да биде за нијанса над тековните способности на учениците, но во мера која овозможува нивно мотивирање за работа, ќе поттикне интерес и доживување.

Задачите секогаш треба да бидат во склад со когнитивните, моторички и сознајни карактеристики на децата. Со поставување на познати задачи кои се веќе реализирани на сличен начин, без имагинација во поставување на ликовниот проблем од страна на наставникот, детето губи интерес за ликовната активност, таа веќе не е предизвик. Спротивно, со преценување на возраста и способностите се поставуваат претешки задачи, кои ги соочуваат децата со нивнта неспособност за се разбере и реши ликовниот

проблем, поради што доаѓа до обесхрабрување и одбивање да се посветат на ликовната област.

За да се избегнат во потполност вакви несакани последици, неопходно е одмерено поставување на наставните содржини кои стимулираат слободно, искрено ликовно изразување на идеите.

- **Систематичност и постапност**

Во годишното планирање, за правилно распределување на наставните содржини, неопходно е почитувањето на принципот на систематичност и постапност.

Ликовните наставни содржини се конципирани да овозможат стекнување на знаење, но и вештини и способности. Правилна организација на сите содржини кои се реализраат во одреден временски период, секогаш треба да биде осмислена во почитување на одредени насоки : од познато – кон непознато, од полесно – кон потешко, од едноставно - кон посложено.

Оваа организација на микро ниво се однесува и во водење на секој час, односно ликовна активност. Содржините на почетокот на часот е потребно да бидат познати, поедноставни и полесни, од оние кои потоа се презентираат. Поради тоа организирањето на содржините во систем кој овозможува постапно усложнување води кон освојување на нови области на знаење на најубав и најлесен начин.

Развојот на перцептивните и моторичките способности, фантазијата, стимулирање на меморијата и интересот за ликовното изразување, потребно е да се развиваат со секоја следна година. На тој начин во детските животи ликовната, невербална активност станува составен дел од секојдневието, го збогатува, облагородува и унапредува.

- **Очигледност**

Најголемите педагози во историјата, како Русо, Коменски се залагале за очигледност во процесот на едукација во сите области „она што може да се види – да се види, она што може да се чуе - да се чуе......“.

Процесот на ликовна едукација подразбира користење на активна перцепција и фина моторика во реализација на ликовните задачи. Огромното богатство на визуелни информации овозможува широко поле на активности и ликовни содржини, ликовните елементи и ликовни принципи, различни ликовни техники и мотиви. Многу често за комплетно разбирање на ликовните дела, освен сетилото за вид, неопходно е користење и на другите сетила со што се овозможува наставната содржина да биде уверлива и да стане јасна. Во себе освен сетилото за вид вклучува и користење на сетило за допир, за мирис и слух, го вклучува движењето и разбирањето на пораката во ликовните дела.

Современите уметнички стилови овозможуваат креирање на комплексни ликовни дела, што пренесуваат пораки и при тоа користат различни можности за експресија.

- **Егземпларност**

Принципот на егземпларност подразбира користење на ликовни примери, со кои се претставува ликовниот однос кој се обработува на часот. Кога во ликовните активности се користат визуелни наставни средства како репродукции на уметнички дела, фотографии, филмови, цртани филмови, реклами, примери на цртежи, скулптури, слики, видеа неопходно е да се внимава и на квалитетот во нивниот избор.

Секој пример кој ќе биде претставен треба да биде одбран со посебно внимание – не само да одговара на возраста, туку во потполност да го објаснува ликовниот елемент или принцип, како и ликовната техника. Во изборот на ликовни дела кои ќе се користат како примери, односно нагледни средства, се проектира и познавањето и професионалното ниво на наставникот.

Примерите треба да се достапни за перцепција, да се анализираат вербално од наставникот, како и да се овозможи децата да ги препознаат и објаснат претставените ликовни односи.

Со користење на дигиталната технологија, егземпларноста како принцип е наједноставно да се реализира, бидејќи можностите за пристап до различни визуелни материјали се огромни.

Во користење на примери е особено важно да се поттикнува желбата за сопствена слобода во изразувањето.

Примерите се користат со цел да се укаже на огромните можности за креативно и имагинативно толкување и размислување на ликовната задача и за начините на нејзино решавање.

Од најголема важност е да се употребуваат ликовни примери со потврдена висока вредност. Секоја употреба на нецелосни решенија, ликовни дела со слаб квалитет како во однос на избор на мотив, идеја, а особено во однос на реализација на ликовните техники, создава погрешна слика за разбирањето на процесот на создавање. Ликовното ниво кое треба да се постигне во голема мера е условено од идеалот, односно примерите кои наставникот ќе ги искористи во објаснување и илустрирање на содржината.

Наставникот има обврска да овозможи пристап до најквалитетните ликовни дела кои се достапни за разбирање во соодветната возраст.

## Методи на работа

## во наставата по ликовно воспитание

1. **Метод на усно излагање** (воведен дел, емоционална подготовка, објаснување на наставната содржина, евалуација на ликовните творби).

2. **Метод на разговор** (во објаснување на наставната содржина, проверување на знаењето, повторување на знаењето, евалуација на учениците).

3. **Метод на работа по текст** (метод на илустрација – приказна, песна, музика, расказ, ликовни дела, фотографии, цртан филм, презентација...).

4. **Метод на демонстрирање** ( објаснување и покажување на ликовните техники, на начини на добивање на боите, реализација на илузија или имитација на текстура, тродимензионално обликување и моделирање...).

5. **Метод на практична работа** ( реализација на ликовните техники).

6. **Метод на игра** ( запознавање и усвојување на воспитно-образовната содржина со користење на различни техники на активирање на повеќе сензорни способности кај децата– визуелни, тактилни, аудитивни):
    - стимулирање на активна перцепција со игра во која се погодуваат промените на поставеноста на предметите во училницата,
    - сликање и цртање со прсти,
    - откривање и опишување на текстура на непознат предмет кој само се допира, без да се види,
    - цртање со дување во сламка,
    - печатење со природни материјали и погодување врз асоцијација,

- обликување со природни материјали и натпревар во број на искористени текстури,
- рекомпозиција на нов цртеж од неколку веќе реализирани постари цртежи....

## Современи методи во реализација на наставата по ликовно образование/воспитание

Освен стандардните добро познати методи, за реализација на современ наставен процес по ликовно образование/воспитание, во современи услови се користат и други методи.

Наставата по предметот „Ликовно образование/воспитание" овозможува креативна употреба како на познатите, така и на нови методи.

### Бура на идеи

Наставникот може да го користи методот на „Бура на идеи" како стратегија за размислување која ќе им помогне на учениците да развиваат прашања, идеи и различни примери, како и да ја испитаат централната идеја околу поставената задача. Во тек на реализација на овој метод, учениците ги споделуваат идеите кои им паѓаат на памет и ги запишуваат без да бидат критички насочени кон нив.

Наставникот може преку овој метод да процени што децата /учениците веќе знаат и да одреди насоки за учење и рефлексија на знаењето. „Бура на идеи" го стимулира флексибилното мислење и ги унапредува способностите за решавање на проблеми.

### Кооперативно учење

Овој метод им овозможува на децата /учениците да работат во група како тим за да реализираат одредена задача. После завршената заедничка активност, особено важен аспект е - еден член на групата да анализира како групата функционирала, колку придонел во реализацијата секој член одделно и во кој аспект. За

да се олесни донесувањето на вакви заклучоци може да се употребат забелешки од текот на реализација, чек листи за самоевалуација на учесниците и др.

Преку ваква самоевалуација се поттикнува самокритичност, се согледуваат пропустите и добрите страни, се избегнува стравот од признавање на грешка, се акумулира сила за позитивно соочување со други предизвици.

**Дискусија**

Дискусијата е стратегија во која учениците ги презентираат своите размислувања, одговараат на идеите на другите ученици и го артикулираат својот став во комуникација со останатите ученици и со наставникот.

Во дискусиите често се спротивставуваат мислења, но и се расчистуваат одредени ставови и потврдуваат или негираат информации. Главниот фокус се става на разговор и слушање на мислењето на другите, со презентирање на своите идеи колку и да се различни или спротивни на останатите. Објаснувањето на сопствените идеи секогаш треба да е придружено со рационална аргументација.

Како друг облик на овој метод често се смета и конференцската комуникација, во тек на која децата разговараат за својот напредок, се осврнуваат на проблемите и решенијата, укажуваат на јаките страни и на деловите кои и понатаму може да се унапредуваат. Овој метод бара атмосфера на поддршка, отворена дискусија и поголем степен на доверба помеѓу учесниците.

На овој начин наставникот има можност да ги насочува и поддржува децата во презентација на нивното учење преку дискусија, анализа на скици и портфолио (збир на реализирани ликовни активности).

**Фокусирано истражување**

Ова е метод на инструкција во кој децата/учениците користат материјали и ликовни техники, делумно водени од наставникот. Тој треба да ги почитува и поттикнува идеите за истражување на учениците, но и да помага со совет, објаснување, како и да обезбеди постапно водење во реализација на активноста. На почеток на активноста се поставува проблемот на истражување после што наставникот може со серија на прашања да поттикне подлабоко размислување и да воведе нови поими.

Наставникот може да одреди кои знаења или способности треба да се стекнат и да ги води учениците во нивна реализација. Процесот треба да се повторува сè додека учениците на го достигнат саканото ниво на знаења и вештини. Овој метод е особено корисен кога треба да се стекнат нови перцептивни, когнитивни или технички способности што треба да се развијат постапно.

**Слободно истражување**

Оваа инструкциска активност треба да е иницирана од децата/учениците, кои слободно ги користат достапните материјали во училницата. Наставникот ја опсервира активноста и ги слуша разговорите на децата, разговара со нив, но не го води истражувањето. Може да им дозволи различен, често нестандарден начин на употреба на материјалите, доколку тоа е идеа на учениците. Тие треба да знаат дека се работи за експериментален и слободен креативен однос кон употреба на ликовните материјали и техники.

Експериментирањето е централно во ликовните уметности и често се користи за создавање врски помеѓу конкретното и апстракното. Експериментирањето бара учениците да испитуваат, тестираат, користат материјали во контекст на решение за употреба на елементите и принципите на ликовниот јазик, покрај ликовните техники.

Експериментирањето им овозможува на децата/учениците да развиваат социјални вештини на интеракција и комуникација. Овој метод овозможува потикнување на мотивацијата, разбирањето и активното вклучување во ликовна активност на сите ученици.

**Сложувалка**

Сложувалка е активност наменета за учење во група. Првин целото одделение се дели на помали групи, а потоа секој член на групата добива задача да научи сегмент, дел од одредена активност.

Секој член на поединечната група има дел од активноста, а сите заедно ја комплетираат целата задача ( некој има сегмент од воведот во теоретскиот дел, друг ги дефинира поимите, трет ја објаснува техничката реализација..). Заедно, членовите на групите кои имаат иста задача го совладуваат својот дел, а потоа се враќаат во групите и ги поучуваат членовите на својата група. Оваа активност ги насочува учениците да прифатат еднаква одговорност кон учењето на другите и остварување на зададените цели.

**Латерално мислење**

Овој процес на учење прв пат е опишан од Едвард ди Боно, кој препознал дека умот може да добива сознанија од повеќе агли и во однос на тоа да генерира разчични креативни идеи за една ликовна задача.

Латералното мислење вклучува согледување на проблемот од повеќе точки на гледање, со често прекинување на поврзаноста на елементите и со рекомбинација во нова содржина.

Развивањето на вештини на латерално мислење доведува до разбирање на позитивните и негативните аспекти на понудените решенија.

# ПЛАНИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ВО ЛИКОВНОТО ВОСПИТАНИЕ

За да се реализираат поставените цели и задачи на ликовното воспитание, неопходна е детална и студиозна подготовка. Воспитувачот секогаш треба да ги земе во обѕир: возраста на децата, индивидуалниот когнитивен, емоционален и моторички развој, одредувањето на ликовниот тип на секое дете. Подготовката се одвива во повеќе фази и само ако е комплетно реализирана овозможува квалитетна и креативна настава.

Воспитанието и образованието во предучилишна возраст е поделено според неколку развојни домени. Ликовното воспитание спаѓа во развојниот домен „когнитивен развој и стекнување општи знаења“.

„Програмата за рано учење и развој“ е државен документ кој ги содржи основните параметри во дефинирање на програмата по ликовно воспитание за секоја возраст. Овој документ ги содржи:

- развојниот домен
- развојниот период
- примери на активности
- очекувани резултати
- општи дидактички препораки
- дидактички препораки според возрасти
- следење на постигнувањата и напредокот на децата.

Основни параметри кои ја содржат базата за учење и поучување се:

-познавањето на ликовниот јазик (ликовните елементи и ликовните принципи),

- познавање и владеење со ликовните техники,

-познавање на ликовните подрачја и

-методичките стратегии за нивно користење во соодветна возраст.

Во предучилишна возраст холистичкиот пристап на организирање на активностите треба да доминира. Возраста и способностите на учениците одредуваат дека поврзувањето на содржините од различни предметни области секогаш дава најдобри резултати. Освен интегралниот пристап, за секој добар воспитувач неопходна е свесноста за индивидуалните каркатеристики на децата, карактеристиките на креативниот израз во различна возраст, заштита од кич, стереотипи и шаблони.

Во дефинирање на воспитно-образовните содржини главна цел треба да биде насочена кон одредување на што подобри услови за стекнување на знаења, вештини и способности на сите деца во групата. Методиката на ликовно воспитание се заснова на познавањето на статистички просечните интелектуални, сознајни, емоционални, технички способности на децата од одредена возраст, но во практичната реализаицција, секоја група претставува претставува посебен пример и бара специфична подготовка, што претставува креативен предизвик за секој воспитувач.

Планирањети на воспитно-образовниот процес е сложена активност која пред се бара познавање на целата програма за ран развој, од каде треба да се дефинира воспитно-образовната содржина, ликовната техника и целите кои планираме да се постигнат. Планирањето може да биде: дневно, глобално

## Глобално планирање на ликовни активности за предучилишна возраст

Врз основа на точно определените цели, активности и очекувани резултати во „Програмата за рано учење и развој“, потребно е да се определат воспитно-образовните содржини од ликовната област. Програмата ги дава основните насоки, но секој воспитувач е потребно да ја согледа целината на ликовни постигнувања за определенета возраст, за да може да одреди што ќе се обработува од ликовен аспект и како ќе се обработи од методички аспект.

Бидејќи возраста на децата е мала, вообичаено е целите да се поврзат со стекнување на одреден поим, кој во тек на една до две недели се обработува од различен аспект во сите развојни домени.

Во рамките на развојниот домен „Когнитивен развој и стекнување на општи знаења“ поврзаност на поимите од ликовно воспитание има со математика, наука и музичко воспитание. Така на пример, ако од наука како воспитно-образовна содржина се обработува поимот пролет како годишно време, од ликовно воспитание истиот поим не може да биде воспитно-образовна содржина, туку само мотив. Може во кратки црти да се повтори што тој поим значи, но ако се остане само на тоа, и пак се разговара за карактеристиките на пролетта од аспект на наука, а потоа само се дадат насоки за илустрација на пролетта, тоа според никакви стандарди не може да биде активност по ликовно воспитание, бидејќи поимот не е дел од предметната област.

Поради тоа во зависност од возраста на децата, кога се работи одреден поим од друга област, во ликовните активности тој поим е само мотив. Носечка активност е запознавање со елементите и принципите на ликовниот јазик, односно со ликовни поими. Во склад со нив се одредува основната активност од ликовно воспитание и соодветна ликовна техника.

Ако мотивот е пролет, како ликовни содржини може да се наведат:

- воспитно-образовна содржина за 2-3 години - именување и разликување на боите;
- воспитно-образовна содржина за 3-4 години – основни бои;
- воспитно-образовна содржина 4-5 години – секундарна боја –зелена;
- воспитно-образовна содржина 5-6 години – топли и ладни бои.

Ако мотивот е семејство, како ликовни содржини може да се наведат:

- воспитно-образовна содржина за 2-3 години - голема и мала форма – обликување со пластелин;
- воспитно-образовна содржина за 3-4 години – голема и мала форма – цртање со фломастер, семејство на инсекти;
- воспитно-образовна содржина 4-5 години – големина, сликање со темперни бои, јас и мама или јас и тато

- воспитно-образовна содржина 5-6 години – видови на линии, цртање со молив, портрети со прикажување на емоции.

ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

| РЕДЕН БРОЈ | ПРОГРАМСКА ЦЕЛИНА (ликовно подрачје) | ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА СОДРЖИНА | ЛИКОВНА ТЕМА | ЛИКОВНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА | ЛИКОВНА АКТИВНОСТ | МОТИВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЦРТАЊЕ | Видови на линија | линија | молив | Форма со различни видови на линија | Дрво со гранки |
| 2 | ЦРТАЊЕ | Видови на линија | линија | фломастер | Форма со различни видови на линија | Замислено милениче |
| 3 | ЦРТАЊЕ | Дебела и тенка линија | линија | темперни бои | Површина со вертикални и хоризонтални линии со различна дебелина | Дизајн на текстил |
| 4 | ЦРТАЊЕ | Долги и кратки, прави и криви линии | линија | темперни бои | Форма со вертикални и хоризонтални линии со различна дебелина | Цвеќе во вазна - честитка |

1а. Пример за глобално планирање од **ликовното подрачје - цртање**

## ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

| РЕДЕН БРОЈ | ПРОГРАМСКА ЦЕЛИНА (ликовно подрачје) | ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА СОДРЖИНА | ЛИКОВНА ТЕМА | ЛИКОВНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА | ЛИКОВНА АКТИВНОСТ | МОТИВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СЛИКАЊЕ | Основни бои | Боја | темперни бои | Сликање со примарни бои со капење на сува и водена подлога | Честитка за 8 март |
| 2 | СЛИКАЊЕ | Примарни и секундарни бои | Боја | темперни бои | Сликање на примарни и секундарни бои | вионожито |
| 3 | СЛИКАЊЕ | Асоцијација на форма | Боја | гваш | Обликување на случајни форми и доворшување по асоцијација | На што ми личи ова? |
| 4 | СЛИКАЊЕ | Текстура со боја | текстура | темпера | Имитација на текстура со боја | Текстура по избор |

Пример за глобално планирање од **ликовното подрачје – сликање**

## ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

| РЕДЕН БРОЈ | ПРОГРАМСКА ЦЕЛИНА (ликовно подрачје) | ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА СОДРЖИНА | ЛИКОВНА ТЕМА | ЛИКОВНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА | ЛИКОВНА АКТИВНОСТ | МОТИВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Моделирање и обликување | Едноставна и сложена форма | форма | пластелин | Перцепција и обликување на едноставна и сложена форма | Зеленчук Овошје |
| 2 | Моделирање и обликување | Сложена форма | форма | глина | Перцепција и обликување на летало од фантазија | Вселена |
| 3 | Моделирање и обликување | Видови на форми | форма | / | Визуелна и тактилна перцепција на форма | Тактилна игра на препознавање |
| 4 | Моделирање и обликување | Разновидни форми | форма | хартија | Обликување на Форми во простор | Забавен парк |

1в. Пример за глобално планирање од **ликовното подрачје – моделирање и обликување**

## ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ

Овој вид на планирање се однесува на точното распределување на наставните содржини одредени во глобалното планирање во **точен месец и ден** (се одредува датум на реализација). Во него е потребно да се наведат и **дидактичките форми и методи** кои ќе се применат, **наставните средства**, како и **корелација** со други наставни предмети или области и наведување на **компаративен материјал**.

Годишно планирање:

1. Реден број
2. Недела, месец
3. Програмска целина
4. Наставна единица
5. Наставна тема
6. Ликовно-технички средства
7. Форми и методи на работа
8. Наставни средства
9. Ликовна активност
10. Мотив
11. Корелација
12. Компаративен материјал

Неопходно е во одредување на наставните содржини со дефиниран датум за реализација да се согледа целината на наставните програми по сите предмети. Важно е ликовното

образование да се реализира како дел од целината на комплетниот воспитно-образовен процес во тек на целата година. Стекнувањето на знаења треба да биде еден интегриран, холистички процес, па е потребно да постои логично поврзување и корелација со содржини, мотиви или постапки со другите предметни области.

| ДАТУМ | ЛИКОВНО ПОДРАЧЈЕ | ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА СОДРЖИНА | ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА ТЕМА | ЛИКОВНО ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА | ФОРМИ И МЕТОДИ НА РАБОТА | ЛИКОВНА АКТИВНОСТ | ВОСПИТНО ОБРАЗОВН. СРЕДСТВА | МОТИВ | КОРЕЛАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. 9 | ЦРТАЊЕ | Видови на линија | текстура | молив | Фронтална Индивидуална ........... Практична работа Демонстр. Игра | Цртање на права, крива, дебела и тенка линија | Цртежи со различни линии Перцепција на линии во околината | Линии на листови, на дланка, клупа, под... | Математика Наука |
| 10.9 | СЛИКАЊЕ | Основни бои | Боја | Колаж | Фронт. Индив. ----------- Практична работа Демонстр. Игра | Сликање со примарни бои | Освалдов круг на бои Репродукции од ликовни дела со примарни бои | Основни геометриски форми – круг, квадрат, триаголн. | Математика |
| 17.9 | СЛИКАЊЕ | Основни и добиени бои | Боја | Колаж | Фронт. Индив. ----------- Практична работа Демонстр. Игра | Сликање со примарни бои | Освалдов круг на бои Репродукции од ликовни дела со примарни бои | Бои на есента | Музика Поезија Математика |
| 24.9 | МОДЕЛИРАЊЕ И ОБЛИКУВАЊЕ | Едноставна и сложена форма | Форма | Пластелин | Фронт. Индив. ----------- Практична работа Демонстр. Игра | Перцепција и обликување на едноставна и сложена форма | Предмети со различна форма | Торта за роденден | Јазик Природни науки |

2а. Пример на годишно планирање - планирање за еден месец

## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

Овој вид на планирање содржи најдетални информации за карактеристиките, структурата и текот на секоја активност.

Одредување на наставната содржина е најважна карактеристика за квалитетна реализација на ликовните цели.

Во пракса наместо наставна содржина која потекнува од ликовнииот јазик и ги обработува ликовните елементи и принципи, наведена и во наставните програми, често се обработува мотив (пролет, лето, роденден, излет...) како наставна соджина, што никако не смее да се случи. Секоја предметна област има своја сфера на интерес и проучување, а во предметот ликовно образование, тоа се стекнување на почетна ликовна писменост, способност за ликовно изразување и ликовна култура. Наведените мотиви се наставни содржини од други предметни области, но не и од предметот ликовно воспитание. На тој начин активноста на учениците се сведува само на илустрација, без усвојување на нови ликовни знаења, без поттикнување на техничко усовршување, без стимулирање на активна перцепција. Вака поставен проблемот на час никако не е ликовен и не е во склад со обврската на наставникот да реализира содржини од соодветниот предмет ( точка, линија, боја, ритам.....).

За да не се погреши, во дневната подготовка е потребно да се наведат целите и задачите на наставната активност:

- **Стекнување на знаења** – се однесува на стекнување на поим, усвојување, препознавање, разбирање и примена на ликовните елементи и принципи во реализација на ликовни решенија, како и

стекнување на знаења за ликовните дела од светското националното и светското културно наследство.

- **Стекнување вештини** - практични, технички способности во реализација на ликовните техники, како и психомоторни техники, вештина во координација на ликовните потези, реализација на имитација или илузија на текстура....

- **Стекнување способности** - развивање на креативност, перцептивни и сензорни способности, емпатија, меморирање и сеќавање.

**Воспитни цели** - упорност, истрајност, самостојност, коректен однос кон другите ученици, кон материјалите и приборот за работа, кон околина, уредност, внимателен однос кон работата на другите деца...

Во реализација на текот на активноста, секогаш треба да имаме предвид дека активноста по ликовно образование треба да е интерактивна, со активно учество на децата, бидејќи неопходно е нивно разбирање и реализација на ликовни творби. Поради тоа во дневната подготовка не е доволно да се претстави само активноста на воспитувачот, туку и предвидувања за активности на децата во различни нејзини делови.

## АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:

1. **Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на учениците):**

Во предучилишна возраст особено е важно децата да се заинтересираат за одредената област, за да се насочат кон воспитувачот и со интерес да ја следат активноста. Поради тоа е особено важно воспитувачот на самиот почеток да најде начин да ги ги воведе децата во областа на визуелното мислење.

За таа цел може да почне со разговор со која ќе дојде до поимот кој треба да се обработи (линија, насока, големина, повторување, боја). Може да почне со приказна, песна, цртан филм, покажување на фотографии и репродукции од ликовни дела во кои се споменува ликовен поим или само со разговор со децата.

Во овој дел воспитувачот стандардно не ја објаснува наставната содржина, туку го стимулира нивното внимание и го води до саканиот ликовен поим.

## 2. Активности за учење и поучување:

### Ликовна разработка:

Ова е дел од ликовната активност кога воспитувачот ја најавува наставната содржина, односно наведува што ќе се работи. Понатаму следи дефинирање на ликовниот елемент или принцип и негово подетално објаснување (пр. што е за линија и објаснување на видовите на линии во околина, или што е форма и покажување и и разгледување на различни видови на форми, или што е повторување и наведување на начини на кои се постигнува повторување...).

Најочигледно е објаснувањето кога е поткрепено со визуелни примери што служат како илустрација (репродукции, цртежи, фотографии, скулптури, филм....). Целата активност е неопходно да се реализира предку разговор со децата, со поставување прашања со кои се потттикнува нивната активната перцепција.

Во зависност од возраста и интересот кој децата го покажуваат, воспитувачот може да даде и дополнителни информации, или ако процени дека поимот потешко се усвојува, да остане на веќе дадените информации, но да ги повтори со децата повеќе пати, до нивно усвојување.

**Упатства за реализација на ликовната техника:**

Јасно и детално треба да се именува ликовната техника, да се наведат потребните ликовно технички средства и да се објасни процесот на реализација. Посебно внимание треба да се обрне на укажување на можните грешки, како и да се дадат упатства за правилно користење на соодветната техника. Да не се заборави да се укаже што се добива со оваaa ликовна техника (кои се ликовните квалитети).

Секогаш е потребно воспитувачот да ја демонстрира реализацијата на техниката ( монотипија, обликување со глина, пластелин, цртање со темперни бои, сликање со темперни бои...).

**Мотивација:** особено е важно поставувањето на ликовната задачата да се најави во една јасна реченица. Во неа е потребно да се наведе:

- Ликовниот елемент или принцип
- Мотивот
- Ликовната техника

На овој начин децата во предучилишна возраст ќе се фокусираат на поставената задача. Подолго и подетално објаснување е неопходно во реализација на ликовната разработка и објаснување на ликовнта техника, но во дефинирање на задачата потребна е прецизност со која се постигнува разбирање и мотивирање: пр. да се претстават камчиња на плажа со различни форми со молив, ливада со зелена боја со темперни бои, сложена форма на торта составена од повеќе едноставни форми со пластелин, итн..

Потребно е да се наведат варијанти на решавање како поттик, но секогаш да се укаже дека не е потребно истите да се копираат, туку дека треба секој да замисли свое решение на поставената задача.

## 3. Евалуациони активности на наставникот

- **Техники на следење и вреднување:**

Додека децата работат, воспитувачот ги следи, проценува дали ликовниот проблем кај секое дете е правилно поставен, дали точно се реализира ликовната техника, дали децата работат самостојно или копираат, дали се внимателни. Ако е потребно дава дополнителни насоки и ги потттикнува да ги довршат ликовните решенија.

За да се овозможи слободен и креативен ликовен израз на децата, сите сугестии и корекции треба да се даваат внимателно, без наметнување. Постојано треба да се има на ум развојната фаза во која се наоѓа секое дете, бидејќи во иста група може да има деца со иста возраст, но различни емоционални, моторички, сознајни и технички спососбности. Никако не треба да се интервенира во ликовните творби на учениците, какви и да се – задачата е поставена за децата, а воспитувачот може да ја дообјасни, претстави други можни решенија преку визуелни примери, но никако да ја заврши работата наместо детето.

- **Активности на вреднување и следење:**

По завршување на практичната работа, воспитувачот со помош на децата ги лепи ликовните творби на ѕид и ги потикнува децата да го препознаат на нив ликовниот поим, дали е ликовната техника правилно реализирана, дали е работено внимателно, како е претставен мотивот.

Прашања кои се однесуваат на личниот вкус – „Дали ти се допаѓа?" потребно е да се избегнуваат, а разговорот да се насочи кон проверка на стекнатите знаења, покажаната креативност и активна перцепција на учениците.

Неопходно е континуирано следење на активностите на секое дете посебно, па за тоа е добро да се користи портфолио како целина на реализирани ликовни творби (се овозможува

согледување на целината и полесно оценување), да се прават записи во Бележник на активности за работата на учениците со мислења и впечатоци после секој час и секако – да се оценуваат постигнувањата на учениците.

## АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:

**1.Воведни активности:** очекуваме дека децата реагираат позитивно на поставената тема ( во зависност од тоа како наставникот го води овој дел на часот- учествуваат во игра, пеат песна, гледаат цртан филм со внимание, даваат свои одговори ако воспитувачот постави прашања, не им пречат на другите деца во групата....). Од особена важност е во овој дел од активноста децата да се заинтересираат и фокусираат на

**2.Активности за учење:** децата активно да ја следат презентацијата на содржината, умеат да го објаснат и препознаат ликовниот елемент или принцип кој се обработува, начините на негово добивање, можностите за примена, го препознаваат ликовниот елемент или принцип во ликовните дела кои се изложени, умеат да дадат пример за негово препознавање во околината и природата.

3. **Евалуациони активности на децата:** умеат да го препознаат ликовниот поим во творбите на другите деца, да одредат дали задачата е точно решена, да препознаат која е ликовната техника, дали е правилно реализирана, да препознаат што е претставено на ликовната творба и дали одговара со претходно поставената задача на активноста.

**ДНЕВНА ПОДГОТОВКА - мала група**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот** | |
| Број на индекс | |
| Предучилишна установа | |
| Возраст на децата | **мала група** |
| Датум на реализација | |
| **Воспитно-образовна содржина** | **Прави и криви линии** |
| **Наставна тема** | **Линија** |

| Развоен домен | Ликовна техника и ликовно технички средства | Мотив |
|---|---|---|
| Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | **Цртање**<br>Темперни бои, четки, палета, сад за чиста и нечиста вода, подгога | **Килим** |
| Форми на воспитно-образовна работа | Методи на воспитно-образовна работа | Наставни средства |
| Фронтална и индивидуална форма | Метод на усно излагање, метод на разговор, метод на демонстарција, метод на практична работа, метод на игра | Јаже, гранка од дрво, конец,<br>Примери од килими |
| Корелација: литература, природни науки | | |

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**
  Поим за линија, прави и криви линии, дебели и тенки линии.
- **Стекнување на вештини:**
  Цртање на линии со различна дебелина и должина со темперни бои.
- **Стекнување на способности:**
  За препознавање на права и крива линија во околината и во уметничките дела.

- **Воспитни цели:**
  Правилна употреба на ликовната техника, развивање на хигиенски навики за правилен однос кон материјаот за работа и за околината, социјализација.

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

1. **Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

Ги делиме децата во парови и на секој пар му даваме парче јаже во различна боја. Кога воспитувачот ќе каже - право, потребно е децата во пар да го затегнат јажето, а кога ќе каже воспитувачот – криво, потребно е да се осави јажето само да падне и да се види во каква крива линија ке ја допре подлогата.

Потоа разговараме со учениците кога јажето беше како права, а кога како крива линија.

2. **Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

Секоја линија е составена од многу точки. Линијата може да се замисли и како точка која тргнала да прошета.
Линииите може да бидат прави ( растегнато јаже, пешачки премин) или криви ( јажето кога е на под, слободно паднато).
Линиите може да бидат и долги и кратки. Тие може да имаат и различна боја.
Со линии во различна боја може да се добие убав шарен тепих.

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Се црта со темперни бои. Се зема боја со чиста четка, се нанесува на хартијата, а кога ќе сакаме друга боја, ја миеме четката, па со чиста четка земаме нова боја.

- **Мотивација**

Со прави и криви линии да се претстави килим во различни бои.

3. **Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Ги следам децата како работат, дали се уредни, дали се дисциплинирани, како ја реализираат активноста, дали точно ги

цртаат линиите, дали правилно ја мешаат бојата

- **Активности на вреднување и следење**

Разгледувам какви ликовни творби се реалзирани и дали на нив се претставени прави и криви линии? Каде се точно претставени? Дали има употреба на различни бои?

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**
Учествуваат во играта и умеат да реагираа со соодветно растегнување или пуштање на јажето.

**2. Активности за учење:**
Го стекнуваат поимот линија, разликуваат прави и криви линии, умеат да ги претстават во игра и на хартија.

**3.Евалуациони активности на децата:**

Учениците ги анализират ликовните творби и споредуваат каде ликовната содржина е точно претставена, каде има необично решение, каде има најразлични линии.






**ДНЕВНА ПОДГОТОВКА - мала група**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот** | |
| Број на индекс | |
| Предучилишна установа | |
| Возраст на децата | **мала група** |
| Датум на реализација | |
| **Воспитно-образовна содржина** | **Големо и мало** |
| **Наставна тема** | **големина** |

| Развоен домен | Ликовна техника и ликовно технички средства | Мотив |
|---|---|---|
| Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Цртање со фломастер<br><br>Хартија, фломастери во различни бои и со различни дебелини | Камчиња во паркот |
| Форми на воспитно-образовна работа | Методи на воспитно-образовна работа | Наставни средства |
| Фронтална и индивидуална форма | Метод на усно излагање, метод на разговор, метод на демонстарција, метод на практична работа, метод на игра | |

| |
|---|
| Корелација: природни науки, математика |

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

За односи во простор, поим за големина, за големо и мало

- **Стекнување на вештини:**

За претставување на големи и мали форми со техиката цртање со фломастери.

- **Стекнување на способности:**

За препознавање на големи и мали форми во околината, на филм, во ликовните дела.

- **Воспитни цели:**

Правилно користење на ликовната техника, соработка со децата, развивање на желбата за ликовно изразување, продлабочување на интерес за ликовните техники.

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

Каков е нашиот двор денес, дали во него има деца или не? Кога има деца, со што си играат во дворот? Каква е патеката по која трчаат –таа е составена од камчиња.каде на друго место има камчиња? На плажа, покрај кеј, во планина, во парк**….**

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

Сите форми и предмети имаат своја големина. Таа ни кажува колкави се во однос на другите предмети или суштества. Некои се поголеми, а некои се помали. Што е мало во нашава занимална (коцки, фломастери, чаши), а што е големо ( ѕидови, прозорци, маси).
Дали камчињата имаат своја големина?

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Се црта со фломастери, тие може да бидат во различна боја и да имаат различна дебелина. Кога се црта, треба да се внимава да не се стега премногу силно, за да не се оштети фломастерот или хартијата**.**

- **Мотивација**

Да замислиме дека сме во дворот и ја гледаме патеката од различни камчиња. Сите имаат воја големина и форма, едни се поголеми, а други се помали. Ајде да ги нацртаме со фломастери во различни бои.

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Ги проверувам техниките и когнитивните спосбности на децата , колку ја разбрале ликовната задача, како децата работат како ја реализираат активноста.

- **Активности на вреднување и следење**

Кога ќе се нацрта, цртежите ги собирам така што секој цртеж треба да биде потпишан со име и презиме на детето кое го нацртало од задната

страна на листот. Ги чуваме цртежите за некоја изложба или за споредба на некои наредни цртежи на децата за да можеме да споредиме колку тие напредуваат, дали ги поправаат грешките кои ги правеле претходно и сл.

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

Со тоа што ќе им го кажуваме ние на децата во воведниот дел и со одговорите кои тие ќе ни ги даваат можеме да забележиме дали тие се заинтересирани за темата, дали сфатиле за што ќе се работи, колку ним таа тема ги интересира и дали им е позната.

Како што наведовме претходно во воведниот дел на воспитувачот можеме со играта гатанки да ги дознаеме горе наведените цели кои се потребни за воспитувачот да продолжи со реализирање на активноста.

**2. Активности за учење:**

Децата од групата да дадат сопствен пример за тоа кој плод најмногу го познаваат, кој најмногу го сакаат, дали некогаш пробале да го нацртаат, дали знаат да препознаат кои бои треба да ги употребат за нивно претставување и сл. Децата треба внимателно да ја следат презетацијата на воспитувачот за да можат да одговорат подоцна на поставените прашања и успешно да ја реализираат зададената задача.

**3. Евалуациони активности на децата:**

Секое дете на крај треба да знае дали точно ја решило задачата односно дали точно го нацртало цртежот, да знае која техника е употребена, кои средства му биле потребни за да ја постигне целта, да знае зошто е реализирана токму тогаш задачата и сл.





**ДНЕВНА ПОДГОТОВКА– средна група**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот** | |
| Број на индекс | |
| Предучилишна установа | |
| Возраст на децата | **Средна група** |
| Датум на реализација | |
| **Воспитно-образовна содржина** | **форма** |
| **Наставна тема** | **Форма** |

| Развоен домен | Ликовна техника и ликовно технички средства | Мотив |
|---|---|---|
| Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Цртање со молив<br>Потребни средства: блок, молив, гума, острилка | Зеленчукови плодови (пиперка, домат и морков) |
| Форми на воспитно-образовна работа | Методи на воспитно-образовна работа | Наставни средства |
| Фронтална форма<br>Индивидуална форма | Метод на усно излагање<br>Метод на демонстрација<br>Метод на практична работа | Цртежи од бараните зелечуци,<br>Донесени пиперка, домат и морков за децата тридемензионално да ги видат |
| Корелација: ЗПО, Македонски | | |

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:** стекнување на поим за различни видови на форми, именување на видовите форми, разликување на видовите на форми и нивно соодветно поврзување со различни зеленчуци, за реализација на техниката цртање со молив.

- **Стекнување на способности**: за правилна реализација на техниката цртање со молив, за цртање на различни форми, за претставување на визуелниот изглед на одредена форма во контекст на зеленчук.

- **Воспитни цели:** создавање на хигиенски навики при работа со ликовните материјали, правилно и штедливо користење на

материјалите за работа, соработка со другите деца, трудољубивост, упорност.

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

- Кажување на гатанки за зеленчук, каде расте зеленчукот (корелација со македонски јазик и запознавање на околината)

- Истакнување на целта на часот – каква **форма** има зеленчукот?

**2.Активности за учење и поучување:**

**Ликовна разработка:**

Дали знаете што е форма?

Форма е надворешниот иглед на сите предмети, луѓе, животни, растенија, планети, овошја, зеленчуци......надворешниот изглед на се што не опкружува. Дали сите форми се исти?
Има различни видови на форми :

- едноставни – кога се составени од една форма ( домат, пиперка, морков )
- сложени - кога се составени од повеќе форми (грозје, гранки, ).

Формите може да бидат и округли (топче) и издолжени (стапче)
Каква форма има пиперката, едноставна или сложена?
Дали е округла или издолжена? ( следува соодветна анализа на формата на доматите, морковите, зелката, компирот.......).
Анализата секогаш треба да биде со покажување на 3д зеленчук – вистински или пластичен ( доколку нема свеж), така што децата им ги покажуваме бараните зеленчукови плодови, да знаат како да ги нацртаат и да се подготват за работа.

**Упатства за реализација на ликовната техника:**

Денес ќе научиме да ги цртаме формите на зеленчуковите плодови пиперка, домат и морков. Треба да дадам упатства за работа на цртачкиот материјал кој е потребен за да се заврши работата, а

најважно е да ја следам работата на учениците, да давам насоки и упатства, да водам забелешки и да им укажувам на грешките.

Потребни материјали за извршување на зададената задача се: блок на кој ќе ги цртаме формите на плодовите, молив кој треба добро да биде наострен за точно да ги нацртаме формите, гума за да избиршиме доколку негде погрешиме. Важно е тоа дека треба да цртаме низ целиот лист така што ќе го поделиме на три дела, односно ќе нацртаме три линии со исто растојание и на секој дел цртаме по едно зеленчуково растение. Кога цртаме со молив листот треба да го свртиме на рапавата страна, додека се црта не треба многу да се притиснува со моливот, нежно се црта, моливот не треба да го размачкуваме со прст низ листот. Ако има потреба за бришење се брише само оној дел кој е згрешен, со нежно притискање на гумата врз листот.

- **Мотивација**

Дали вие дечиња јадете зеленчук, кој зеленчук ви е омилен? Дали знаете каква е формата на пиперката, на доматот и на морковот? Кој од овие три плодови сакате најмногу да го јадете?

3. **Евалуациони активности на воспитувачот:**
- **Техники на следење и вреднување**

Ги следам децата како работат, дали се уредни, дали се дисциплинирани, како ја реализираат активноста, дали точно ги цртаат формите

- **Активности на вреднување и следење**

Кога ќе се нацрта, цртежите ги собирам така што секој цртеж треба да биде потпишан со име и презиме на детето кое го нацртало од задната страна на листот. Ги чуваме цртежите за некоја изложба или за споредба на некои наредни цртежи на децата за да можеме да споредиме колку тие напредуваат, дали ги поправаат грешките кои ги правеле претходно и сл.

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1. Воведни активности:**
Со тоа што ќе им го кажуваме ние на децата во воведниот дел и со одговорите кои тие ќе ни ги даваат можеме да забележиме дали тие се заинтересирани за темата, дали сфатиле за што ќе се работи, колку ним таа тема ги интересира и дали им е позната.
Како што наведовме претходно во воведниот дел на

воспитувачот можеме со играта гатанки да ги дознаеме горе наведените цели кои се потребни за воспитувачот да продолжи со реализирање на активноста.

**2. Активности за учење:**
Децата од групата да дадат сопствен пример за тоа кој плод најмногу го познаваат, кој најмногу го сакаат, дали некогаш пробала да го нацртаат, дали знаат да препознаат кои бои треба да ги употребат за нивно претставување и сл. Децата треба внимателно да ја следат презетацијата на воспитувачот за да можат да одговорат подоцна на поставените прашања и успешно да ја реализираат зададената задача.

**4. Евалуациони активности на децата:**
Секое дете на крај треба да знае дали точно ја решило задачата односно дали точно го нацртало цртежот, да знае која техника е употребена, кои средства му биле потребни за да ја постигне целта, да знае зошто е реализирана токму тогаш задачата и сл.










**ДНЕВНА ПОДГОТОВКА– средна група**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот** | |
| Број на индекс | |
| Предучилишна установа | |
| Возраст на децата | **Средна група** |
| Датум на реализација | |
| **Воспитно-образовна содржина** | Основни бои-црвена, жолта, сина |
| **Наставна тема** | Боја |

| Развоен домен | Ликовна техника и ликовно технички средства | Мотив |
|---|---|---|
| Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Сликање со темперни бои,<br>темпера, блок, четка, палета (плочка), два сада за чиста и за нечиста вода, крпче за бришење на четките, лист бела хартија за проба | - пролетна ливада |
| Форми на воспитно-образовна работа | Методи на воспитно-образовна работа | Наставни средства |
| - индивидуална форма<br>- фронтална форма | - метод на усно излагање<br>- метод на разговор<br>- метод на демонстрирање<br>- метод на практична работа<br>- метод на игра | - слики со цвеќиња, црвени цвеќиња, жолти цвеќиња, сини цвеќиња<br>- Освалдов круг |

Корелација: природни науки

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

  Децата ќе ги усвојат поимите за основни бои, ќе научат дека основните бои се црвена, жолта, сина, ќе стекнат знаења да ги разликуваат и именуваат боите.

- **Стекнување на вештини:**

Децата да стекнат вештини за сликање со основните бои, за правилно организирање на просторот нво одредениот формат..

- **Стекнување на способности:**

Децата да стекнат способности за разликување на боите, за препознавање и именување на боите во околината и во ликовните дела.

- **Воспитни цели:**

Создавање на хигиенски навики при работа со ликовните материјали , правилно и штедливо користење на материјалите за работа, миење на рацете после завршената работа.

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

Кои бои ги гледате во занималната?
Колку годишни времиња има? - 4
Кои се тие годишни времиња? - Пролет, Лето, Есен и Зима.
Кое годишно време сме сега? - Пролет.

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

Се што гледаме околу нас има боја. Кои бои го гледаме во пролет?
Каква боја има сонцето? – Жолта. Што е уште жолто? (лимон, банана).
Каква боја е небото? – Сина. Што е уште сино? (море, езеро).
Каква боја е оганот? – Жолт, црвен. Што е уште црвено? (домат, јагода, цреша, вишна).

Во раката ќе држам цртеж на кои ќе доминираат црвена, жолта, сина боја, ќе почнам да ги прашувам кои се тие бои и дали знаат дека тие бои се основни бои.

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Секое дете треба да има блокче, боички и четки и мора да има пластична или дрвена плочка (палета), треба да едно парче бела хартија за цртање, крпче за бришење на четката и два големи сада, едниот со чиста вода, другиот со нечиста вода. Во чистиот сад со вода се

мие четката.

Во палетата се става на едно место црвена боја, на едно место жолта боја, на едно место сина боја за да не се измешаат боите. Со четката се зема боја и се црта или бои на листот од блок.

Четката се става во садот со чиста вода и потоа се зема боја. Четката се става во садот со чиста боја за да биде чиста четката за да не се размешаат боите. Бојата е полугуста и при работа мора да се разреди со вода на палета.
Водата треба да се менува за да биде чиста. Сè што гледаме околу нас има боја. Основни бои се црвена, жолта и сина.

- **Мотивација**

Како изгледаше ливадата на која си игравме вчера? Дали знаете дека цвеќињата може да бидат црвени, жолти, сини? Замислете дека околу вас има многу црвени, жолти, сини цвеќиња. Ќе покажам слики со цвеќиња во црвена, жолта и сина боја. Денешна задача е да претставите цвеќиња во црвена, жолта, сина боја**.**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Ги следам децата како работат, дали се дисциплинирани, како ја реализираат активноста, дали ги цртаат цвеќињата во црвена, жолта, сина боја.

- **Активности на вреднување и следење**

Кога ќе се реализира активноста, ги потпишувам со нивното име, ги закачувам на пано. Децата ги прашувам каде на цртежот е црвената, каде е жолтата, каде е сината боја. Исто така ги прашувам дали знаат кои се основните бои, за да се осигурам дека ги научиле.

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**
Децата најпрво се запознаваат со основните бои, а потоа и сами ги применуваат на лист од блок. Способни се да ги препознаат, разликуваат и употребат основните бои.

**2. Активности за учење:**

Според сработеното децата ќе научат кои се основни бои, како да ги разликуваат, како да ги именуваат и како да ги применуваат.

**4. Евалуациони активности на децата:**

Активноста ќе ја завршам така што нивните слики кои се нацртани со основните бои ќе ги закачам на пано и ќе ги коментираме со децата, ќе проверам дали се насликани основните бои, дали знаат децата која е црвена, која жолта, која сина боја и ќе проверам каде се претставени боите за да видам дали се правилно употребени.









**ДНЕВНА ПОДГОТОВКА – голема група**

<table>
<tr><td colspan="2">Име и презиме на студентот</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Број на индекс</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Предучилишна установа</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Возраст на децата</td><td>Голема група</td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум на реализација</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Воспитно-образовна содржина</td><td>Секундарна (добиена) боја - виолетова</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна тема</td><td>Боја</td></tr>
<tr><td>Развоен домен</td><td>Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења</td><td>сликање со темперни бои темпера, ,блокче, четка, палета, два сада за чиста и за нечиста вода, крпче за бришење на четките, лист бела хартија за проба</td><td>- грозје<br>-модар домат<br>-цвекиња</td></tr>
<tr><td>Форми на воспитно-образовна работа</td><td>Методи на воспитно-образовна работа</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td>- индивидуална форма<br>- фронтална форма</td><td>- метод на разговор<br>- метод на усно излагање<br>- метод на демонстрирање<br>- метод на практична работа</td><td>- демонстрација со мешање на црвена и сина боја да се добие секундарна боја виолетова<br><br>- слики од веќе готови примери на добиена виолетова боја со мешање на сина и црвена<br>- Освалдов круг</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корелација: природни науки,  македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="3">ЦЕЛИ И  ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:<br><br>- Стекнување на знаења:<br>Децата ќе се стекнат со знаење дека виолетовата боја освен готова од туба дека може да се добие и со мешање на црвена и сина боја. Со поим за виолетова боја, децата да ги препознаваат добиените бои.</td></tr>
</table>

- **Стекнување на вештини:**
  Децата да стекнат вештини за добивање на виолетова боја со мешање на црвена и сина боја.

- **Стекнување на способности:**
- Децата да стекнат способности за разликување на боите, разбирање за мешањето на бои за да се добие нова боја.

- **Воспитни цели:**
  Кај децата ќе се создадат работни, хигиенски навики, при работа со ликовниот материјал. Исто така и штедливост при работа со материјалите**.**

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

Колку годишни времиња има? - 4
Кои се тие годишни времиња? - Пролет, Лето, Есен и Зима.
Кое годишно време сме сега? - Пролет.
Ајде кажете ми кои бои ги знаете вие?
Кои се основни бои?- Црвена, Жолта и Сина.

Кои се добиени бои?- Зелена, Портокалова и Виолетова.
Со мешање на кои бои добиваме зелена боја? жолта и сина
Со мешање на кои бои добиваме портокалова боја ? црвена и жолта
Со мешање на сина и црвена која боја ке ја добиеме ? виолетова

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

Ќе им покажувам цртежи на кои ќе доминираат сината и црвената боја и ќе да ги прашувам кои се тие бои и дали знаат дека тие бои можат да се измешаат и да се добие нова боја. Исто така ќе им покажам слики од овошје и зеленчук со виолетова боја.

На палета ќе нанесам сина и црвена боја и ќе им демонстрирам како со мешање на две бои односно на црвена и сина ќе добиеме нова боја, виолетова.

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Во техника темпера боите се мешаат меѓусебно, но оваа техника е соодветна на помала возраст. Секое дете треба да има бел лист од блок,

бои кои ќе му требаат и четки. Исто така треба да има палета, треба да имат едно парче бела хартија за проба, крпче за бришење на четката и два големи сада за вода за миење на четките за чиста и за нечиста вода.

Се слика со врвот - горниот дел од четката, се почнува и се работи од лево кон десно и од горе кон долу. Бојата е полугуста и при работа мора да се разреди со вода на палета. Прво се мешаат две бои, после се мие четката во вода после пак се црта, водата се менува.

Сè што гледаме околу нас има боја. Основни бои се црвена, жолта и сина. Добиени бои се зелена, портокалова и виолетова.

- **Мотивација**

Дали знаете како изгледа грозје? А модар домат ? Каква е нивната форма? Каква е нивната боја? Добијте ја со мешање на сина и црвена боја**.**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Ги следам децата како работат дали правилно ги мешаат боите и ги поправам доколку грешат, дали се дисциплинирани, како ја реализираат активноста.

- **Активности на вреднување и следење**

Кога ќе насликаат децата, цртежите ги потпишувам со нивното име, ги закачувам на пано. Со децата разговараме каде е точно насликана виолетовата боја, каде има светло виолетова, каде темно виолетова боја (ги согледуваме и другите насликани тонови на виолетова боја). Ги зачувувам за некоја изложба и за следење на детскиот развој.

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

Децата учат како да направат виолетова боја (со мешање на црвена и сина боја), а подоцна почнуваат да сликаат овошје, зеленчук или цвеќе кое има виолетова боја.

**2. Активности за учење:**

Според сработеното децата ќе научат кои се основни бои и како од основни бои да дојдеме до нови добиени бои. Во овој случај децата ќе научат како од црвена и сина боја се добива виолетова боја, да ги разликуваат различните видови виолетова боја.

**3.Евалуациони активности на децата:**

Активноста ќе ја завршам така што нивните слики добиени со мешање

на основните бои (црвена и сина, односно добиената  виолетова боја) ќе ги изложам на пано и ќе ги коментирам со децата. И за да проверам дали научиле ќе ги прашувам : Дали со мешање на сина и црвена се добива зелена боја?Дали со мешање на црвена и жолта се добива виолетова боја? Со мешање на кои бои се добива виолетова боја ?










## ДНЕВНА ПОДГОТОВКА – голема група

<table>
<tr><td>Име и презиме на студентот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Број на индекс</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Предучилишна установа</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Возраст на децата</td><td colspan="2">Голема група</td></tr>
<tr><td>Датум на реализација</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Воспитно-образовна содржина</td><td colspan="2">Округла и издолжена форма</td></tr>
<tr><td>Наставна тема</td><td colspan="2">Форма</td></tr>
<tr><td>Развоен домен</td><td>Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td>Когнитивен развој и стекнување на општи знаења</td><td>Моделирање со пластелин<br>Подлога, хартија</td><td>Инсекти</td></tr>
<tr><td>Форми на воспитно-образовна работа</td><td>Методи на воспитно-образовна работа</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td>Фронтална<br>Индивидуална</td><td>Метод на усно излагање<br>Метод на разговор<br>Метод на демонстрација<br>Метод на практична работа</td><td>Фотографии од веке готови примери со бубамара и пеперутка<br>Цртани филмови со инсекти<br>Готови изработени моделирани изработки</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корелација: природни науки</td></tr>
</table>

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

Децата да препознаваат и именуваат округла и издолжена форма, стекнување поим за форма и видови форма и препознавање на неколку видови инсекти.

- **Стекнување на вештини:**

Децата да стекнат вештини да моделираат округла и издолжена форма на инсекти со пластелин.

- **Стекнување на способности:**

Децата да стекнат способности да разликуваат и препознаваат округла и издолжена форма во оклината и да ја претставaт.

- **Воспитни цели:**
  Социјализација, развивање на истрајност и педантност, внимателност во работата.

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

5. **Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

   Кое годишно време е сега, кои промени ги гледаме надвор?
   Дали во пролет има инсекти ?
   Кои инсекти ги има во пролет?
   Како изгледат инсектите?

6. **Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

Во раката држам моделирани форми и објаснувам дека од пластелин може да се направат различни форми како круг, топка и како стапчиња. Им демонстрирам како секоја од нив се изработува од пластелин  округла и издолжена и доколку ги комбинираме можеме да направиме различни инсекти.

Демонстрирам  моделирање на инсект со округла и издолжена форма. Ги покажувам претходно избраните цртежи и  моделирани форми и кажувам како изгледа пеперутка, дека има четири крилца и може да биде во различни бои и лета од цвет на цвет.

Потоа им покажувам бубамара, им покажувам дека бубамарата има црвена боја и има црни точки на нив.

Ги прашувам децата каква  форма има пеперутката, а каква бубамарата.

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Децата се подготвуваат за моделирање на претходните научени инсекти.

Потребни технички средства се: пластелин и подлога, хартија. Им демонстрирам на децата како се изработува округла, а како издолжена форма. Децата земаат помали парчиња пластелин и со рачиња формираат одредени форми. Ги подучувам да не им се мешаат на дргарчињата додека работата. Потоа секој сам да си ги собере остатоците од пластелин и да си ги измие рачињата.

- **Мотивација**

7. **Евалуациони активности на воспитувачот:**
**Техники на следење и вреднување**

Ги следам децата како работат поминувајќи низ масички, дали се дисциплинирани, како ја реализираат активноста и дали им е јасно кои форми треба да ги употребат и доколку е потребно ги коригирам и поверувам дали се уредни.

- **Активности на вреднување и следење**

Откако ќе завршат со моделирање правиме мала изложба и со секое дете разговараме што ни моделирал.

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

Децата најпрво искусуваат како да направат форма со пластелин и дали ги препознаваат.

**2. Активности за учење:**
Децата активно ја следат презентацијата на содржината, умеат да препознаат округла и издолжена форма и умеат да дадат примери за препознавање во природата.

8. **Евалуациони активности на децата:**

Активноста ќе ја завршам така што нивните форми од инсекти ќе ги изложам и ќе ги коментирам со децата –каде е претставена округла форма, каде издолжена? Како се споени за да претстават инсекти? Од колку делови се направени инсектите?





# ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ СОДРЖИНИ

# МАЛА ГРУПА 2-3 ГОДИНИ

## ЛИКОВНИ АКТИВНОСТИ

Активности во кои детето слободно или по дадена тема црта со молив разни линии (на пр. слободни хоризонтални и вертикални линии; испрекинати хоризонтални и вертикални – ограда; кружни на пр. балони, глава).

Активности во кои детето слика со прсти врз различна подлога (хартија. песок, снег...).

Игровни активности во кои детето ја печати врз хартија или платно својата дланка, играчки претходно обоени со различна боја.

Активности во кои детето се игра со разни материјали (хартија, песок, глинамол, глина, волница и сл.) поради запознавање со можностите за менување на нивната форма, облик, должина, моделира едноставни предмети според сопствен избор и желба.

Игри во кои детето ги набљудува, допира и манипулира разните предмети, играчки од непосредната околина поради воочување на нивната форма, текстура, големина итн.

Игри со боите. Создавање шари од различни бои. Се разговара за стореното со нагласување на боите.

Експериментирање со користење природни материјали. Активности во кои детето кине, превиткува, мокри, со донесување заклучоци за исходот.

Се вклучува во пеење со други и го следи ритамот со чукање на раце или нозе или со одредено движење на телото.

**Логика и размислување**

Се вклучува во истражувачки и откривачки ликовни активности.

Учествува во решавање на мали проблеми (каде погреши..., како ќе помогне...).

Користи одредени познати предмети како алатки за истражување.

Расклопува одредени предмети, ги именува и опишува нивните делови.

Самостојно ги користи сетилата за откривање на карактеристиките на растенија, предмети, звуци, материјали итн.

**Корелација со математика**

Воочување и именување на основните геометриски форми и фигури (круг, топка, коцка);

-да се поттикнуваат способностите за разликување и именување на основните бои;

-да се поттикнуваат способностите за споредување и класификација според боја, форма, големина;

-да се поттикнат способностите за групирање на предмети според воочливи и заеднички особини;

-да се поттикне процесот на просторно ориентирање (воочување релации во однос на себе: пред – зад; горе-долу; под);

**Корелација со наука**

- препознавање на деловите на телото на луѓето и животните;

- воочување на одредени карактеристики за воздух, земја, вода, предмети;

Активности во кои детето од покажани слики погодува и опишува животни според надворешниот изглед.

Игри од типот: Што има со иста боја? Кое каде е? Што кому припаѓа? Кој се јавува?

Прошетки и разговори за природата. Барајте растенија по сличност – цвеќиња, грмушки, видови дрвја. Разговарајте со децата за местото на живеење, објектите, парковите.

Игри со песок и со вода.

**Игри:**

1. Игри со **бои**, и нивно именување заедно со воспитувачот.
2. Игри во кои детето ќе поврзува предмети според иста **боја**. Разговор за резултатите од активноста.
3. Игри во кои детето ќе поврзува предмети според иста **форма**.
4. Игри во кои детето ќе поврзува предмети според иста **големина.**
5. Активност во која детето споредува, брои до 5, **групира** според исти карактеристики.
6. Активности во кои детето треба да ги донесе предметите кои се пред него, да именува што е **зад него, под него.**
7. Ги објаснува и коментира **постапките.**
8. Препознава **топка** и **коцка** и ги употребува во игрите.

## МАЛА ГРУПА 3-4 ГОДИНИ

## ЛИКОВНИ АКТИВНОСТИ

Црта едноставни форми и облици - облаци, дрво, сонце, човек, куќа, сладолед.

Црта, слика, моделира, со ликовен и неликовен материјал во различни подлоги, притоа користејќи прсти, дрвени бои, фломастери, различни видови бои, четки со различна големина и дебелина, материјали за моделирање, обликување итн.

Слика со водени бои, меша бои и слободно ликовно се изразува.

Разликува црвена, жолта, сина и зелена боја.

Ги познава основните ликовни материјали нивниот начин на употреба, својства и можности.

Користење разни материјали и предмети од околината кои можат да се користат за ликовно изразување.

Игри за развој на сетилата, перцепцијата и имагинацијата (на пр. правење топки од хартија, снег од бела хартија, користење на целофан за обвивкување на разни предмети, играчки, користење на глина за обликување и салфети за обвиткување лебед итн. Сече со ножици со тап врв, тутка, кине, гмечи, ниже, претура).

Користење разни амбалажи, сунѓери, плодови, гранчиња, и сл. за уметничко изразување и за развој на еколошки и хигиенски навики.

Игри во кои децата се поттикнуваат кон различно изразување на слушнатато (како пр. преку движење, вербално и невербално, ликовно изразување, итн.).

Самостојно одбира материјал за ликовно изразување (цртање, сликање, обликување).

## Логика и размислување

Да воочува разлики предизвикани од причинско-последични врски и умее да ги објасни.

Да се поттикнува иницијатива за истражувачки активности (експериментира со вода, песок, растенија).

Да се потпира на информации добиени од сетилата и прави поврзување на осознанијата и знаењата.

-да се разговара за разлики од настани кои се случуваат сега и во минатото.

**Корелација со математика**

-Да се поттикнуваат кај детето способности за просторно ориентирање и вербално искажување (воочување релации во однос на себе: пред – зад; горе-долу; под, далеку - разместување предмети во просторијата користејќи релации во однос на себе и во однос на другите.);

-да се развиваат способности за идентификување на делови од целина;

-да се развиваат способности за воочување на разликите кај предметите и нивно споредување.

-да се развиваат способности за класификација според боја, форма, големина, вид и род;

-да се развиваат способности за воочување, идентификување и користење спротивности кај предметите во непосредната околина должина, широчина, големина. Пронаоѓање предмети спротивни по големина, должина, широчина.

-да се поттикнуваат способности за групирање на предметите според воочливи и заеднички особини. Учество во активности за споредување, класификација и серијација според боја, форма, големина на две и тридимензионални играчки, предмети и сл.

-да се поттикнуваат способности за одредување и препознавање на временски релации (делови од денот: утро –пладне-вечер-ден-ноќ;).

**Корелација со наука**

Карактеристики на животните и инсектите според големина, форма, боја.

Карактеристики на цвеќе, овошни и зеленчукови плодовите според големина, форма, боја.

Ден и ноќ - Доврши ја реченицата (додај збор за приказна).

Местото на живеење, објектите, настаните.

**Корелација со музика**

Користење разни материјали и предмети од околината кои произведуваат звук или можат да се користат за музичко.

## СРЕДНА ГРУПА 4-5 ГОДИНИ

## ЛИКОВНИ АКТИВНОСТИ

Набљудува и воочува разлики во односите меѓу предметите, објектите, играчките, луѓето и сл. од непосредната околина, како и од разни други извори (фотографии, цртежи, предмети со кои може да манипулира итн.).

Истражувачки активности во кои детето меша основни бои за да добие секундарни бои, како и нивни комбинации.

Активности во кои детето моделира, црта, слика, кашира, обликува, декорира, користејќи различен ликовен материјал, како природен материјал, амбалажа и сл.

Игри во кои детето именува, разликува и користи разни бои при ликовен израз. Може да се користи приказот на сопствените чувства, мисли, желби со помош на боите.

Активности во кои детето илустрира самостојно или во тандем, група, сцена од краток текст по слободен избор или по избор на воспитувачот или други деца.

Игри во кои детето раскажува за воочените и наведените детали во својот цртеж, слика итн.

Активности во кои детето се поттикнува за изнаоѓање нов пристап при ликовен израз (што и како би го насликал, нацртал, обликувал, моделирал; како би ја прикажал дадениот настан и сл.).

Истражувачки активности во кои детето користи разни техники за добивање отпечатоци од предмети со различни форми, облици.

**Логика и размислување**

Донесува заклучок за одредена конкретна ситуација.

Поврзува познати настани според редоследот на случувањата и нивната логична поврзаност.

До одреден степен ја користи анализата за решавање на едноставни проблеми.

**Корелација со математика**

Покажува и именува што е пред него-зад него, горе-долу, во-на, блиску од него-далеку од него.

Употребува поими на спротивности: широк; кусо-покусо-најкусо; големо-поголемо-најголемо; мало-помало-најмало; кратко-долго; ниско-високо; тесно-широко).

Реди предмети врз основа на едно својство по растечка низа или низа што опаѓа.

Ги препознава графичките симболи (цифрите) на броевите до 5.

**Корелација со наука**

Ги препознава сличностите кај предметите во околината според боја, форма, големина. Ги класифицира растенијата и животните според видливи карактеристики.

Експериментира и користи разни безбедни материјали и предмети од околината (кал, песок, хартија, вода, пареа итн.).

Еколошка култура - детето креативно да се изразува преку рециклиран материјал или неупотреблив, но безбеден материјал.

## ГОЛЕМА ГРУПА 5-6 ГОДИНИ

## ЛИКОВНИ АКТИВНОСТИ

Инструменти и тропалки со чашки од јогурт и зрнести семиња, ѕвончиња од тапи и шишиња, свирчиња од дрвца итн.

Проценка на ликовниот израз, ќе препознаваат туѓи доживувања низ туѓите ликовни творби, ќе толкуваат свои идеи и изрази и сл.

Истражувачки обиди од децата за изнаоѓање и креативно користење на разни ресурси, материјали, алатки и предмети за музичко и ликовно творење.

Цртање по сеќавање од реализирана посета или прошетка. Илустрирање на текст, приказни, на видени и доживеани настани.

Истражување на отпечатоците од разни предмети од непосредната околина.

Игри со материјалот за моделирање: меси, гмечи, стиска при што се запознава со него и ги осознава неговите технички можности. Создавање нови форми од амбалажа и други предмети кои ја загубиле првобитната употреба со разни постапки на туткање, кинење, лепење, додавање, сечење и сл.

На добиената обликувана творба доцртува форми со цртачки материјали по сопствена замисла.

Се вклучува во разни музички и ликовни манифестации.

**Логика и размислување**

Ги користи стекнатите знаења во поврзување со нови поими и претстави.

**Корелација со математика**

Употребува поими на спротивности: кратко-долго; ниско-високо.

Класифицира предметите според видливите карактеристики (боја, форма, големина, вид, род ).

Ги препознава графичките симболи (цифрите) на броевите до 10.

Покажува и именува круг, квадрат, триаголник, топка и коцка во непосредната околина.

**Корелација со наука**

Разликува ден и ноќ и периоди на денот (наутро, напладне, навечер).

Разликува карактеристики на средината во која живее (планина, река, рид, поле местото на живеење и градинката).

Опишува и именува неколку карактеристики на годишните времиња - дожд, снег, ветер.

-Може да се служи со разни безбедни материјали и предмети од околината (кал, песок, хартија, вода, пареа итн.).

Препознава и ги знае основните употребни можности на телефон, компјутер, ТВ и сл.

Препознава сообраќајни средства, семафор и основните сообраќајни знаци.

## КРЕАТИВНОСТ ВО РАНОТО ДЕТСКО ВОСПИТАНИЕ

„Ја дефинирам креативноста како процес во кој се генерираат идеи, се развиваат и се трансформираат во вредности. Тоа обично луѓето го подразбираат под иновација и преземање активност“. Као (Као,1997).

„Креативноста се однесува на ослободување на човечка енергија“ гарднер (Gardner, ).

„Креативноста е процес на развивање на идеи кои се оригинални и вредни. Креативната интелигенција е динамична, разновидна и различна“. Робинсон (Robinson, 2001).

Во 1957 г. Маслов (Abraham Maslow) го воведува терминот „примарна креативност“ за која смета дека има корени во потсвеста на секоја личност. Пинкер и гриспан(Pinker & Greenspan,1997), сметаат дека креативноста може да се процени во многу рана возраст.

Гарднер (Howard Gardner) смета дека секое дете на возраст од 7 години има развоен капитал за креативност врз основа на кој се развива до зрела возраст. Колку е побогат иницијалниот креативен капитал, полесно во подоцнежните години креативност се развива.

Од друга страна, Виготски (Vygotsky) сугерира дека креативноста во рана детска возраст е помала отколку во зрела возраст поради лимитираното знаење и помала комплексност на менталните процеси. Смета дека креативноста кај децата е повеќе субјективна отколку кај возрасните.

## Дефиниција на креативност

Постојат различни мислења и дефиници на поимот-креативност, но повеќето од нив вклучуваат карактеристики како -посебно, оригинално, неочекувано.

Креативност е еден од начините на кој пристапуваме во решавање на некој проблем. Гилфорд (Guilford, 1950) и Торенс ((Torrance, 1974) сметаат дека **креативност е способност на мислењето за изнаоѓање на нови решенија.** Ги дефинираат различните начини на мислење во однос на бројот на пронајдени решенија на еден проблем:

- **Конвергентно мислење** – логичко заклучување, наоѓање на едно точно решние.
- **Дивергентно мислење** – наоѓање на што поголем број на точни решенија.

Карактеристики на креативното мислење се:

- **Флексибилност -** способност за создавање на што е можно повеќе решенија на некој проблем, лесно напуштање на старите шаблони и начини на решавање.
- **Флуентност** – способност да се обработат информациите на различни начини и согледување на различни можности.
- **Оригиналност** – способност да се создадат ретки или потполно нови идеи, кои често се разликуваат од останатите луѓе.
- **Елеборативност** – способност на украсување на идеите со детали.
- **Осетливост за проблеми –** способност да се воочат недостатоците или потребите за промена и подобрување.
- **Редефиниција –** способност за напуштање на старите начини на толкување на познати предмети или идеи во нови цели.

За создавање на ново дело потребен е фонд на знаење и искуство, како и способност за согледување на реалноста во ново средство.

Ирвинг Тејлор ( Taylor, 1969 ) го дефинира процесот на креативно мислење во следните видови:

1. Креативност на **спонтана активност** – самостојно изразување, спонтан израз.
2. Креативност на **насочена активност** – спонтано изразување со свесно настојување за подобрување и постигнување на сличност со реалниот објект.
3. Креативност на **инвенција** – запазување и изразување на нови ликовни односи.
4. Креативност на **иновација** – донесување на позначајни промени во ликовниот израз со внесување на нови ликовно-технички можности.
5. Креативност на **создавање** – создавање на потполно нови, дотогаш непознати форми, системи, поими, стилови.

Детската креативност е дефинирана со степените 1, 2, 3 и 4.

Проф. Кен Робинсон смета дека најкорисен начин на гледање на креативноста е преку процесот на образование. Смета дека постои силна поврзаност помеѓу експресивните уметности и креативноста.

Концептот за „мултипли интелегенции“ сугерира дека луѓето имаат посебни интелегенции( или потенцијали) во релација со одредено поле на интерес.

## Фази во реализација на креативност процес

Валас и Смит (Wallas & Smith), во своето дело „Уметност на мислите“ (*Art of Thought*, 1926) истакнуваат дека креативноста е наследена од еволуцискиот процес кој им овозможува на луѓето да се прилагодат на промените на околината и така да опстанат, да ги дефинираат фазите на креативниот процес, за кој сметаат дека се состои од следните последователни фази:

1. **Подготовка** – подготвителна работа на проблемот со која мислите се насочуваат на проблемот.
2. **Инкубација** – проблемот е влезен во потсвеста на поединецот, иако нема видлива реакција.
3. **Навестување** – личноста добива „претчувство“ дека решението наскоро ќе дојде.
4. **Просветлување** – креативната идеја се ослободува од потсвеста во свеста.
5. **Потврда** – идејата е свесно потврдена и промислена, а потоа и применета.

За секој наставник по ликовно образование е особено важно да ги препознае индивидуалните карактеристики на секој ученик.

Точното одредување на надарените и талентирани ученици е услов за нивно натамошно успешно поттикнување и развивање на нивните посебни кавалитети.

## Креативност во рана детска возраст

Кога станува збор за креативност во рана детска возраст, најсоодветно е да се прифати широка дефиниција на креативноста, со што на секое дете ќе му се даде можност за

проекција на сопствената креативност. Неопходно е да не се одредува пребрзо дали едно дете е креативно или не, туку да им се даде доволно време и можности да ги покажат своите потенцијали.

Покажувањето на креативност во ликовната област е повеќе поврзана со процесот, отколку со самиот резултат. Одредено дете може да биде креативно во релација со другите деца од својата група, но кога ќе се спореди со друга група, креативноста може да не се вреднува подеднакво. Ова не се случува поради промена на креативните можности на детето, туку поради потребата од претпазливост во одредување на карактеристиките на личноста на детето во ограничени услови.

Повеќето теоретичари на детскиот развој ги опишуваат децата во рана возраст како посебно креативни, со природна тенденција да фантазираат, експериментираат и истражуваат. Најчесто се должи на детската љубопитност и неоптеретеноста со сознанија, постапки и методи кои се каркатеристични за возрасните. Децата слободно и спонтано ги бараат решенијата на одредена поставена ликовна задача. Често се случува деца кои биле оценети како високо креативни во цртање, сликање или обликување во рана детска возраст, подоцна во животот да се сметаат за просечни во истите области.

Околината посебно влијае врз секоја личност, а со тоа и врз нејзините карактеристики – една од карактеристиките на кои може да се влијае може да биде и креативноста. Често се случува децата да ја намалат експресијата на својата креативност соочени со доаѓање во предучилишните установи, поради несигурност од прифаќање на мислите од страна на другите.

Дали образовниот процес може да попречи или поттикне креативноста?

Креативноста е посебно поврзана со личноста и емоциите. Доколку детето се чувствува сигурно, слободно и сакано, секако

дека ќе може да ја покаже својата креативност во различни ситуации.

Суштествено за поттикнување на креативноста во рана детска возраст е да се овозможи присуство во креативна средина, со креативни програми и наставници кои креативно ќе ги применуваат начините на поттикнување на размислувањето и решавањето на ликовни проблеми кај децата. Основа на креативна средина е средина во која има услови за реализирање на различни видови на игри.

Имагинативните игри и игрите со слободен избор на улоги се клучни во развивање на креативноста, бидејќи за нивна реализација е потребна имагинација, дивергентно мислење, способност за експресија на емоции, за решавање на проблеми и критичко мислење.

## Поттикнување на рана детска креативност

„Со поттикнување на креативен развој и имагинативно мислење, ја насочуваме личноста на детето и неговите способности за испитување и разбирање на светот. Ги зголемуваме можностите за создавање на нови конекции во мозокот на детето и стекнување на нови решенија“. (Дифи, 2006)

За да ја поттикнува креативноста во рана детска возраст, наставникот е потребно да овозможи:

1. Развој на индивидуалните интереси на децата, сигурност, да поттикнува љубопитност и презентација на различни мислења.
2. Постоење на емоционални процеси, ако емоционална фантазија во игрите, задоволство и предизвик, вклученост во задачите со другите деца.

3. Развој на когнитивни спососбности, можности за трансформирање на мислењето, осетливост на проблеми, доволно време и простор за да ги завршат своите ликовни творби.

Постоење на претходно осмислени креативни програми е особено важно во процесот на поттикнување нан креативноста. Креативните наставници и креативните методи се клучни компоненти кои јан поттикнуваат креативноста во рана детска возраст.

Причина поради која децата учат холистички е поради тоа што нивниот мозок секојдневно создава нови и нови конекции (процес на synaptogeneza) и се случува најчесто на возраст од раѓање до три години.

Вклученоста на децата во предучилишниот период во ликовни активности овозможува стекнување на специфични знаења, поврзување на знаењата од другите области во поширок контекст, развој на способности и вештини кои се основа за покомплексни активности понатаму во животот.

Мајески (Mayesky,2013) дефинира начини на кои воспитувачите треба да им овозможат на децата да ја покажат својата креативност во ликовното воспитание:

1. Помогнете им на децата да ги прифатат промените – стравот и несигурноста се непријатели на креативноста.
2. Помогнете им на децата да разберат дека задачите немаат секогаш лесни одговори.
3. Овозможете да се уверат дека постојат повеќе, а не само едно решение на одредена задача.
4. Помогнете им да ги согледаат и прифатат сопствените емоции.
5. Вреднувајте ја детската активност.

6. Препознавајте ја детската радост и одушевување за сите креативни активности.
7. Помогнете им на децата да ги ценат своите сопствени карактеристики и активности со искрен однос.
8. Овозможете им на децата да испитуваат, откриваат и испитуваат одново.

Запознавање ан децата со класичните сликарски, цртачки, графички и скулпторски техники чија примена е соодветна за возраста, се од исклучително значење како за развојот на когнитивните, така и за развојот и поттикнување на мототричките вештини и спсобности за различни видови на активна перцепција: визуелна и тактилна, како и за развивање на чувството за просторни односи.

Новите креативни техники за ликовно изразување се особено значајни за поттикнување на креатвноста поради нивната блиска поврзаност со времето во кое се реализраат и од кое црпат основа. Фотографирањет со телефон, цртањето со сламка, обликувањето од пластичен материјал и други не само што им помагаат на децата да го разберат времето во кое растат, туку и да станат активен дел од него.





## Аспекти на проценување, вреднување и следење на развојот на ликовниот израз кај деца од предучилишна возраст

Ликовното воспитание се одликува со индивидуален пристап во воспитно – образовниот процес до секое дете.

Во предучилишна возраст и покрај тоа што децата припаѓаат на иста хронолошка возраст и се одредени во иста група, меѓу нив постојат големи разлики во однос на нивните когнитивни, емоционални и моторички способности. Развојот е индивидуален, со посебен ритам кај секое дете. Често се случува во една група децата кои напредуваат интелектуално, во исто време моторички да бидат послаби од другите врсници и обратно. Тоа не значи дека така ќе биде постојано, но во раниот детски развој секој аспект на личноста на детето има свое време на реализација.

Поради овие каркатеристики, вреднувањето на постигнатите резултати треба да се мери во однос на претходната состојба на секое дете поодделно.

Ликовното воспитување спаѓа во доменот „Интелектуален развој и стекнување на општи знаења", па од особена важност е да се обрне внимание и да се следат промените во:

- Когнитивните способности
- Развојот на фината моторика
- Техничките способности во реализација на ликовните техники
- Активната перцепција ( гледање со разбирање)
- Креативноста
- Имагинативноста
- Именувањето на ликовните материјали и ликовните елементи

- Вербалното објаснување на перцепираните визуелни претстави и на сопствените ликовни творби.

Корелацијата со другите развојни домени е од клучно значење и во голема мера ја одредува валидноста на секоја процена.

За евалуација на квалитетот на реализираните ликовни задачи неопходно е познавање на развојот на детското ликовно изразување, ликовниот тип на секое дете и следење на неговиот индивидуален развој.

Основниот начин на вреднување е процена дали:

- детето го разбрало ликовниот поим, дали го претставило во соодветната ликовна техника,
- со кој квалитет е реализирана техниката,
- дали е копирано од другите деца или од репродукции,
- колку е шематски претставено, а колку креативно,
- дали има имагинација во творбата,
- колку често се јавува креативен израз кај детето во тек на една година,
- за кои мотиви е детето посебно заинтересирано....

Ликовното изразување овозможува ексклузивен и директен простап до мислите, емоциите, волјата и фините моторички способности на секое дете. Посредно од ликовните творби се стекнува целосна слика и за достигнатото ниво на активна визуелна и тактилна перцепција, когнитивните и експресивните способности на секое дете.

Ваквите показатели се вистински индикатори за изборот на формите, методите и стратегиите на учење и поучување кои треба да ги примени воспитувачот за да овозможи вистински поттик за развој на детската личност.

## Организирање на мапа со ликовни активности

Чувањето и грижата за ликовните творби во континуитет е задача на воспитувачот, бидејќи тие се презентација за целокупен развој на секое дете.

За секое дете воспитувачот треба да води досие со портфолио од ликовни творби во кое ќе чува цртежи, слики, колажи, отпечатоци, скулптури, фотографии, видео записи од различни активности. Во него ќе биде забележана и документирана целата историја на развој и раст на детската личност во тек на периодот во кој тоа престојувало во предучилишната установа. Документацијата е од исклучително значење за следење на промените, навремено и соодветно реагирање од страна на воспитувачот, без оглед дали се работи за состојба на нормален развој, состојба со одредени пречки, или пак потреба од поттикнување на креативноста и имагинативноста кај децата.

Ликовните дела претставуваат директен линк до детските мисли и емоции, кои често не можат да се искажат со зборови. Поради тоа нивното препознавање и разбирање од страна на воспитувачот е од непроценлива важност за одредување на правилен воспитно-образовен процес.

За да се обезбеди будно следење на активностите на секое дете, потребно е секоја ликовна активност без оглед на тоа со каков квалитет е реализирана и дали е завршена, да се означи со име и презиме на детето, содржина и датум на реализација од задната страна на цртежот /сликата /отпечатокот. Доколку станува збор за ликовна реализација која не е од траен карактер (со употреба на природни материјали: листови, цветови; скулптури од пластелин, тесто, песок, цртежи на снег, со креди на плочник или на ѕид...) потребно е наставникот да ги фотографира и да ги постави во вистинското место во мапата со ликовниактивности.

Постојат повеќе начини на организирање на ликовниот материјал во индивидуалната мапа со ликовни активности:

- организирање според хронолошкиот ред, односно со запазување на последователноста во реалзиација без оглед на видот на активноста.
- Организирање според ликовните подрачја, односно слики, графики/отпечатоци, фотографии од скулптури и асемблажи, резултати од обликување со хартија, жица, итн.




Мапи со ликовни активности - визуелно досие



## Селекција на ликовни творби за изложба во предучилишна возраст

Организација на ликовни изложби во предучилишна возраст има големо значење за согледување на работата и реализирани активностите. Ликовните дела на сите деца изложени заедно претставуваат одлична можност за следење на моторичкиот развој и креатвниот напор на секое дете, но согледано во целина, се директен увид во работата и ангажирањето на секој наставник:

- дали е воспитно-образовната содржина правилно поставена и обработена
- колкави се разбирањето и совледувањето на содржината од страна на децата
- дали ликовнта техника е соодветна на возраста и моторичките способности децата?
- во која мера е изборот на обработениот мотив соодветен за воспитно-образовната содржина и возраста на децата?
- дали мотивот предизвикал иметерес за реализација и дали ги потттикнал децата на креативно размислување?
- Дали е воспитно-образовната содржина реализирана само еднаш или пповеќе пати со различни ликовни техники и различни мотиви.

Изложените ликовни творби треба да го прертставуваат индивидуалниот пристап, креативноста и имагинативноста на секое дете. Доколку пак сите ликовни творби се слични, како по идеја, така и според големина и форма, со минимални разлики, веднаш може да се утврди дека воспитувачот неправилно ги водел децата низ активноста, со наметнување на еден ( најчесто својот став) и идеја како ликовната творба треба да изгледа. Најчесто ваквата доминација на воспитувачот врз вољата, креативната идеја и реализација на детето, негативно влијае врз мотивот и желбата за ликовно изразување - децата се доведуваат во позиција нивната идеја да е маргинализирана за сметка на авторитативното

насочување на наставникот, па така најчесто сметаат дека не се доволно добри или доволно креативни. Поради ова, често во подоцнежните години се откажуваат од било каква ликовна креација, колку и да имаат волја или потреба за ликовно создавање.



Примери на изложби на каде доминира унифициран став во реализација на ликовната содржина



Примери на изложби на каде доминира креативен, личен став во реализација на ликовната содржина

Ликовната изложба во предучилишните установи може да може да биде презентирана:

- на традиционален начин, со изложување на цтрежите, сликите и графиките на ѕид,
- во необичен и креативен амбиент – на песок, на стакло, во простор, со видео презентација
- но може и да претставува комбинација на традиционален и креативен начин на презентација
-



Комбиниран начин на изложување на детски ликовни творби



Традиционален начин изложување



Изложување во креативен на амбиент

## Посета на ликовни галерии и музеи

Организирањето на посета на ликовни изложби надвор од предучилишната установа претставува успешен метод за акултурација и социјализација на децата, за согледување на вистинските уметнички дела на најнепосреден начин, за доаѓање до сознанија за различните ликовни техники и материјали. Уметичките галерии и музеи секогаш располагаат со одделение за музејска едукација каде секогаш воспитувачот може да ги добие информациите за карактерот на изложбата, за нивната адекватност за соодветната возраст на децата , за времето на посета и слично.

Секоја посета на музеј ги оплеменува децата, ги шири нивните видици и им дава подлабока и посеопфатна претстава за реалниот живот и за можноста од различни видови на креација.

Преку согледување на секое уметничко дело посебно и на сите дела ( целата изложба) заедно, кај децата се насочува и се поттикнува активната визуелна перцепција, препознавањето на ликовните елементи и принципи, ликовните мотиви и нивното значење. На децата им се овозможува да дојдат во нов простор, да стекнат нови знаења, да прашуваат и размислуваат, да донесат свое мислење, односносно да стекнат почетна визуелна писменост.



Посета на ликовна изложба со објаснува на ликовен едукатор

## Улога, работа и усовршување на особините на воспитувачот во реализација на ликовното воспитување

Теоретските сознанија и практичните искуства, со кои секој професионалец ги реализира работните активности го одредуваат нивото и квалитетот на неговите стручни компетенции. Во време кое за кое брзите промени, слободното пласирање и размена на информации се секојдневие за сите, неопходно е воспитувачите да бидат отворени и активни во стекнувањето на нови информации за својата професионална активност.

Воведување и запознавање со светот на визуелниот израз веќе не може да се реализира на ист начин, со исти методи со години. За да најде најсоодветен начин за реализирање на почетната визуелна писменост, запознавање и совладување на ликовните техники, разбирање на ликовните творби, воспитувачот треба да го процени и почувствува пулсот на генерацијата со која работи. Времето носи промени со секој ден, генерациите носат свој белег, карактеристики и потреби кои се повеќе се разликуваат од карактеристиките и потребите на претходните генерации. Поради ова, љубопитноста и желбата да се надоградува себе си постојано, да осознава нови содржини и техники, нови методи и форми на работа, треба да претставува постојан ангажман на секој наставник.

Основна задача на наставникот е да поттикнува. Неговите компетенции треба постојано да се усовршуваат за да има способности да му овозможи правилен пристап и развој на секое дете со кое работи. Потребно е секогаш да води грижа за когнитивниот, емоционалниот, моторичкиот развој на децата, за да одбере ликовни техники, ликовно-технички средства соодветни за нив. Одбраниот мотив секогаш треба да содржи наставна содржина која е секогаш елемент или принцип од ликовниот јазик.

Развојот на ликовното мислење почнува од поттикнување на активната перцепција кај децата, препознавање на ликовниот елемент, разбирање на мотивот и реализација на соодветната ликовна техника.

Насоките, емоционалната реакција и разбирање не се случуваат сами по себе, спонтано, туку во осмислен активен процес. Неговиот квалитет, структура и моќ да предизвика позитивни промени зависат најмногу од секој воспитувач.

Ако воспитувачот им овозможи на децата учество во креативни активности по ликовно воспитание, освен стекнување на почетна визуелна писменост, поттикнува:

- упорност и трудољубивост
- креативен и имагинативен израз
- интерес и почит на децата кон културната традиција
- разбирање на сите области на визуелното изразување
- градење на навика за посетување на ликовни изложби
- коректен однос и почитување на ликовните творби на другите деца

Новите сознанија за современи методи, нови техники на реализација на наставните содржини, начини со кои се гради доверба кај децата треба да се делат со колегите. Можностите денес се многубројни – преку пишан текст во книга, стручен или научен часопис; учество на од конгресии, работилници и предавања до посета на стручни веб-сајтови, како и коментирање и постирање на свои ставови на различни форуми на Интернет.

Можностите се огромни и достапни за сите.

Литература:


1. **Арнаудова В., Нацева, Б., Радевска Ј., Дамчевска –Илиевска В.(2000).** Приоди кон визуелно размислување. Прирачник за наставници. Биро за развој на образованието. ISBN 9989723656 9789989723650
2. **Arheim, R. (1954/1974).** Art and Visual Perception: A Psychology of the Creative Eye. Berkeley and Los Angeles: University of California Press. . ISBN 978-0-520-24383-5.
3. **Arheim, R. (1969).**Visual Thinking. Berkeley: University of California Press. ISBN 978-0-520-24226-5.
4. **Alper, C. (1987).** Early childhood music education. In C. Seefeldt (Ed.) *The early childhood curriculum* (211-236). New York Teachers College Press.
5. **Atkins, R. (1997).** Art speak: a guide to contemporary ideas, movements, and buzzwords,1945 to the present. New York: Abbeville Press Publishers.
6. **ATC21S (2013).** Assessment and Teaching of 21st Century Skills. Official website: http://atc21s.org (accessed 03.03 2014)
7. **Bamford, A. (2003).** The visual literacy white paper. UK: Adobe Systems Incorporated. Retrieved August 28, 2006 from http://www.adobe.co.uk/education/ pdf/adobe_visual_literacy_paper.pdf. (accessed 08.05 2014)
8. **Brand, S. (1996).** Making parent involvement a reality: Helping teachers develop partnerships with parents. *Young Children*, 51 (2), 76-81.
9. **Baer, J. (1997).***Creative teachers. Creative students*. Boston: Allyn and Bacon.
10. **Brosterman, N. (1997).** Inventing Kindergarten. Harry N. Abrams. p. 42. ISBN 0-8109-9070-9
11. **Clements, R.D., & Wachowiak, F. (2001).** Emphasis art: a qualitative art program forelementary and middle schools. New York: Longman Publishers.
12. **Cornett, C.E. (1999).** The arts as meaning makers: integrating literature and the arts throughout the curriculum. Columbus, OH: Prentice Hall
13. **Chenfeld, M.B. (1995).** *Creative experiences for young children* (2nd ed.). Fort Worth, TX: Harcourt Brace.
14. **Dighe, J., Calomiris, Z., & Van Zutphen, C. (1998).** Nurturing the language of art in children. *YoungChildren*, 53(1), 4-9.
15. **Edwards, L.C., & Nabors, M.L. (1993).** The creative arts process: What it is and what it is not. *Dimensions*, 48(3), 77-81.

16. **Ecker, D., Hausman, J., Sandler, I. (1970).** Conference on art criticism and art education. New York: New York University Press.
17. **Efland, A (1990).** A History of Art Education: New York. Teachers College Press.
18. **Efland, A. (2002).** Art and cognition: Integrating the visual arts in the curriculum. NY: Teachers College Press
19. **Gardener, H. (1980).** *Artful scribbles: The significance of children's drawings*. New York: Basic Books.
20. **Goldblatt, Patricia (2006).** "How John Dewey's Theories Underpin Art and Art Education,"*Education and Culture*: Vol. 22: Iss. 1, Article 4. Available at: http://docs.lib.purdue.edu/eandc/vol22/iss1/art4
21. **Goldberg, M. (1996).** *Arts and learning*. New York: Longman.

22. **Gray, P. (2013)** "Free to Learn," Basic Books H.Y. ISBN 978 –0-465 - .02599-2
23. **Froebel, F. (1974).***The education of man* (W.N. Hailmann, Trans.). Clifton, NJ: A.M. Kelley. (Original work published 1826.)
24. **Foster, H., Krauss, R., Bois, Y.A., & Buchloh, H.D. (2004).** Art Since 1900: Modernism, Antimodernism, and Postmodernism. New York: Thames & Hudson.
25. **Feeney, S., & Moravcik, E. (1987).** A thing of beauty: Aesthetic development in young children. *Young Children*, 42(6), 7-15.
26. **Froebel, F. (1974).***The education of man* (W.N. Hailmann, Trans.). Clifton, NJ: A.M. Kelley. (Original work published 1826.)
27. **Lowenfeld, V., & Brittain, W.L. (1975).** *Creative and mental growth*. New York: Macmillan.
28. **Mayesky, Mary. 2013.** Creative Activities for Young Children, 10th Ed. Belmont, Calif.: Wadsworth Cengage Learning.
29. **Housen, A.( 2001-2002).** Æsthetic Thought, Critical Thinking and Transfer. Arts and Learning Research Journal, 18- 1
30. **Harrison, E.(1893).** The Kindergarten as an Influence in Modern Civilization. Chicago Kindergarten College
31. **Isenberg, J.P., & Jalongo, M.R. (1993).** *Creative expression and play in the early childhood curriculum*. New York: Merrill.
32. **Национална програма за развој на образование во Р.М. ( 2006).** Министерство за образование и наука на Република Македонија ISBN 9989-2376-7-0 COBISS.MK-ID 66011914
33. **Kirrane, D. E. (1992).** Visual learning. Training & Development, 46(9), 58-64.

34. **Koster, J.B. (1997).***Growing artists: Teaching art to young children*. Albany, NY: Delmar.
35. **Lasky, L., & Mukerji, R. (1980).** *Art: Basic for young children*. Washington, DC: NAEYC.
36. **Oring (2000:58).према Bamford, A. (2003).** The visual literacy white paper. UK: Adobe Systems Incorporated. Retrieved August 28, 2006 from http://www.adobe.co.uk/education/pdf (accessed 03.03 2014)
37. **Ордев, Д. (2004).** Методика на наставата по ликовно образование – одделенска настава. Педагошки факултет "Св. Климент Охридски", Скопје: 11-14
38. **Stoddard (2002)**. Curriculum Elementary Education. Hawaii International Conference on Education Curriculum / Art Criticism
39. **Suto, I.(2013).** 21st Century skills: Ancient, ubiquitous, enigmatic? Research Matters: A Cambridge Assessment Publication.University of Cambridge, U.K.
40. **Sautter, R.C. (1994).** An arts education reform strategy. *Phi Delta Kappan*, 75(6), 433-440.
41. **Twigg,D., Garvis, S.(2010).** Exploring Art in Early Childhood Education. The International Journal of the Arts in Society Volume 5, Number 2, ISSN 1833-1866 ret. http://www.arts-journal.com,
42. **Wollons, Roberta. L., (2000).** Kindergartens and cultures : the global diffusion of an idea. New Haven, CT, Yale University Press
43. ,http://visualarteducation.wikispaces.com/
http://www.cloudnet.com/~edrbsass/educationhistorytimeline.html
http://www.personal.psu.edu/mas53/timelint.html

# ПРАКТИКУМ

## ПОИМ ЗА МЕТОДИКА НА ЛИКОВНО ВОСПИТАНИЕ

1. Дефинирај го поимот – методика на ликовното  воспитание!
2. Наведи ја генералната (општата)цел на ликовното воспитание!
3. Наброј три поединечни цели на ликовното воспитание!
4. Наведи ги развојните домени преку кои се остварува развој во раната детска возраст!
5. Во кој развоен домен се реализира ликовното оспитание?
6. Наведи ги целите на ликовното воспитание во развојниот период до 2 години!
7. Спореди ги целите на развојните периоди од 2 до 3 и од 3 до 4 години!
8. Во кој развиен период е потребно да се поттикнува интерес кон моделирање на посложени форми на предмети, животни, човек ?
9. Наведи пет цели на ликовното воспитание во развојниот период до 5 до 6 години!
10. Објасни го значењето на ликовното воспитание за поттикнување на сензо-моторниот развојана децат!
11. Каква е врската на ликовото образование и когнитивниот развој на децата?
12. Како ликовното образование придонесува за поттикнување на социјалната комуникација?
13. Што е ликовна писменост? (наведи како се постигнува во рана детска возраст)

## РАЗВОЈ НА МЕТОДИКАТА НА ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Кои се првите едукатори во животот на секое дете?
2. Спореди ги ликовното образование во праисторијата и во египетската уметност?
3. Кои филозофи од Античкиот период сметале дека ликовната уметност е важна за развојот на децата?
4. Спореди ги карактеристиките на ликовното образование во средниот век и во ренесансата:
5. Наведи мислења на двајца уметници од ренесансанта за важноста на ликовното изразување.
6. За што се залагал Јан Амос Коменски во однос на ликовното образование?
7. Наведи ги авторот и името на првата сликовница за деца.
8. Кои се карактеристиките на видовите на цртање во 18 век?
9. Што значи „стигмографско цртање“?
10. Објасни го цртањето по дикат!
11. Какво било ликовното образование во Македонија во 19 век?
12. Кои фази се карактеристични за ликовното образование и воспитание во 20 век и кое е нивното времетраење?
13. Какви се ставовите на Кершенштајнер и Монтесори зза ликовното образование?

14. Наведи ги карактеристиките на педагошката фаза во развој на методиката на ликовната уметност!
15. Кои се заслугите на Виктор Ловинфелд?
16. Наведи го времетраењето и карактеристиките на социолошката фаза!

## ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ЛИКОВНО ВОСПИТАНИЕ

1. Кога и каде се отвораат првите институции за згрижување на децата од предучилишна возраст?
2. Објасни го поимот –детска градинка!
3. Наведи го мислењето на Фробел за значењето на ликовната активност!
4. Објасни ги трите пристапи во примена на ликовното воспитание во рана детска возраст!
5. Објасни ги карактеристиките и претставниците на современите пристапи на предучилишна едукација!

## РАЗВОЈ НА ДЕТСКОТО ЛИКОВНО ИЗРАЗУВАЊЕ

1. Наброј ги фазите во развојот на детскиот ликовен израз!
2. Кои се под-фазите во фазата на „Чкртаници“?
3. Наведи ги карактеристиките на пред-шематската фаза!

4. Како ќе препознаеме дека детето се наоѓа во фазата „шема“?
5. Наведи две карактеристики во претставување на објектите во фазата „Шема“!
6. Во која фаза се наоќаат децата од 9-11 години и со што се карактеризираат нивните ликовни претстави?
7. Како да се мотивираат децата од 9-11 години за ликовно творештво?
8. Што е најважно за фазата „Интелектуален реализам“?
9. Како да се мотивираат децата од 1-13 години за ликовно творештво?

## ЛИКОВНИ ТИПОВИ НА ДЕЦА

1. Што значи поделбата на „Ликовни типови на деца“ ( на што се однесува)?
2. Врз основа на кои два критериуми е направена оваа поделба?
3. Кои се каратеристиките на аналитичкиот тип на дете?
4. Спореди ги визуелниот и експресивниот тип на дете!
5. Спореди ги аналитичкиот и имагинативниот тип на дете!
6. Наведи ги карактеристите на конструктивниот тип на дете!
7. Спореди ги графичкиот и декоративниот тип на дете!
8. Спореди ги импулсивниот и графичкиот типна дете!

## МЕТОДСКО-ДИДАКТИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВА ПО ЛИКОВНО ВОСПИТАНИЕ

1. Кои се специфичностите на ликовното воспитание?
2. Што значи дека „наставата нема доминантно интелектуален карактер“?
3. Што претставуваат принципите во реализација на наставата по предметот ликовно воспитание?
4. Спореди ги принципите на свесност и активност и вопспитна насоченост:
5. Објасни го односот на принципите - Квалитет на содржини и средства за работа со интерес и доживување:
6. Зошто е важен принципот на систематичност и постапност?
7. Кое е значењето на принципите: очигледност и егземпларност?
8. Наведи три стандардни методи во реализација на ликовното воспитание:
9. Наведи три современи методи во реализација на ликовното воспитание::
10. Која е разликата помеѓу стандардните и современите методи во ликовното воспитание:?
11. Што значи и кога се употребува методот на демонстрација?
12. Наведи пет карактеристики од кои се состои методот на игра:
13. Објасни го методот на кооперативно учење!

## ПЛАНИРАЊЕ ВО ЛИКОВНОТО ВОСПИТАНИЕ

1. Кои карактеристики на детскиот развој се основа з планирање на ликовните активхоси во предучилишна возраст?
2. Кој е основнит пристап кој треба да доминира и зошто?
3. Кои се видовите на планирања во реализација на воспитно-образовниот процес?
4. Кои се компонентите на глобалното планирање?
5. Кои се компонентите на годишното планирање?
6. Кои се целите на глобалното, а кои на годишното планирање?
7. Што е дневно планирање и за кого е наменето?
8. Кои се целите и задачите на дневното планирање?
9. За кого е наменето дневното планирање ?
10. Кои се компонентите кои треба да ги реализира наставникот на секоја активност по ликовно воспитание:?
11. Кои се активностите на учење и поучување?
12. Кои се стандардите во објаснување на ликовната техника?
13. Што се наведува кога треба да се мотивираат децата и на кој начин?
14. Зошто во дневната подготовка ги запишуваме и активностите на децата?

**ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ – мала група**

<table>
<tr><td colspan="2">Име и презиме на студентот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Број на индекс</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Предучилишна установа</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Возраст на децата</td><td colspan="2">мала група</td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум на реализација</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Воспитно-образовна содржина</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна тема</td><td colspan="2">Боја</td></tr>
<tr><td>Развоен домен</td><td colspan="2">Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td></td></tr>
<tr><td>Форми на воспитно-образовна работа</td><td colspan="2">Методи на воспитно-образовна работа</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">Корелација:</td></tr>
</table>

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

- **Стекнување на вештини:**

- **Стекнување на способности:**

- **Воспитни цели:**

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1. Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

- **Мотивација**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

- **Активности на вреднување и следење**

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

**2. Активности за учење:**

**3.Евалуациони активности на децата:**

**ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ – мала група**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот** | |
| Број на индекс | |
| Предучилишна установа | |
| Возраст на децата | **мала група** |
| Датум на реализација | |
| **Воспитно-образовна содржина** | |
| **Наставна тема** | |

| Развоен домен | Ликовна техника и ликовно технички средства | Мотив |
|---|---|---|
| | **цртање** | |
| Форми на воспитно-образовна работа | Методи на воспитно-образовна работа | Наставни средства |
| | | |
| Корелација: | | |

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

- **Стекнување на вештини:**

- **Стекнување на способности:**

- **Воспитни цели:**

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

**2.Активности за учење и поучување:**

  - **Ликовна разработка:**

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

- **Мотивација**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

- **Активности на вреднување и следење**

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

**2. Активности за учење:**

**3.Евалуациони активности на децата:**

**ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ – мала група**

<table>
<tr><td colspan="2">Име и презиме на студентот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Број на индекс</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Предучилишна установа</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Возраст на децата</td><td colspan="2">мала група</td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум на реализација</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Воспитно-образовна содржина</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна тема</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Развоен домен</td><td colspan="2">Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>дожд, снег</td></tr>
<tr><td>Форми на воспитно-образовна работа</td><td colspan="2">Методи на воспитно-образовна работа</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">Корелација:</td></tr>
</table>

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

- **Стекнување на вештини:**

- **Стекнување на способности:**

- **Воспитни цели:**

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

- **Мотивација**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

- **Активности на вреднување и следење**

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

**2. Активности за учење:**

**3.Евалуациони активности на децата:**

## ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ – средна група

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот** | |
| Број на индекс | |
| Предучилишна установа | |
| Возраст на децата | **средна група** |
| Датум на реализација | |
| **Воспитно-образовна содржина** | |
| **Наставна тема** | |

| Развоен домен | Ликовна техника и ликовно технички средства | Мотив |
|---|---|---|
| - | **Печатење** | |
| Форми на воспитно-образовна работа | Методи на воспитно-образовна работа | Наставни средства |
| | | |
| Корелација: | | |

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

- **Стекнување на вештини:**

- **Стекнување на способности:**

- **Воспитни цели:**

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

- **Мотивација**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

- **Активности на вреднување и следење**

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

**2. Активности за учење:**

**9. Евалуациони активности на децата:**

**ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ – средна група**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот** | |
| Број на индекс | |
| Предучилишна установа | |
| Возраст на децата | **средна група** |
| Датум на реализација | |
| **Воспитно-образовна содржина** | |
| **Наставна тема** | **Боја** |

| Развоен домен | Ликовна техника и ликовно технички средства | Мотив |
|---|---|---|
| | | |
| Форми на воспитно-образовна работа | Методи на воспитно-образовна работа | Наставни средства |
| | | |

| Корелација: |
|---|

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

- **Стекнување на вештини:**

- **Стекнување на способности:**

- **Воспитни цели:**

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

- **Мотивација**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

- **Активности на вреднување и следење**

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

**2. Активности за учење:**

**3.Евалуациони активности на децата:**

**ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ – мала група**

<table>
<tr><td colspan="2">Име и презиме на студентот</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Број на индекс</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Предучилишна установа</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Возраст на децата</td><td>средна група</td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум на реализација</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Воспитно-образовна содржина</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна тема</td><td></td></tr>
<tr><td>Развоен домен</td><td>Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>животно од фантазија</td></tr>
<tr><td>Форми на воспитно-образовна работа</td><td>Методи на воспитно-образовна работа</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">Корелација:</td></tr>
</table>

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

- **Стекнување на вештини:**

- **Стекнување на способности:**

- **Воспитни цели:**

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

- **Мотивација**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

- **Активности на вреднување и следење**

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

**2. Активности за учење:**

**3.Евалуациони активности на децата:**

## ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ – голема група

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот** | |
| Број на индекс | |
| Предучилишна установа | |
| Возраст на децата | **голема група** |
| Датум на реализација | |
| **Воспитно-образовна содржина** | **Контраст** |
| **Наставна тема** | |

| Развоен домен | Ликовна техника и ликовно технички средства | Мотив |
|---|---|---|
| | | |
| Форми на воспитно-образовна работа | Методи на воспитно-образовна работа | Наставни средства |
| | | |
| Корелација: | | |

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

- **Стекнување на вештини:**

- **Стекнување на способности:**

- **Воспитни цели:**

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

- **Мотивација**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

- **Активности на вреднување и следење**

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

**2. Активности за учење:**

**10. Евалуациони активности на децата:**

**ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ – голема група**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот** | |
| Број на индекс | |
| Предучилишна установа | |
| Возраст на децата | **голема група** |
| Датум на реализација | |
| **Воспитно-образовна содржина** | |
| **Наставна тема** | |

| Развоен домен | Ликовна техника и ликовно технички средства | Мотив |
|---|---|---|
| | | **вселена** |
| Форми на воспитно-образовна работа | Методи на воспитно-образовна работа | Наставни средства |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| Корелација: | | |

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**
- **Стекнување на вештини:**
- **Стекнување на способности:**
- **Воспитни цели:**

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

- **Мотивација**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

- **Активности на вреднување и следење**

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности:**

**2. Активности за учење:**

**11. Евалуациони активности на децата:**

**ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ – мала група**

<table>
<tr><td>Име и презиме на студентот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Број на индекс</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Предучилишна установа</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Возраст на децата</td><td colspan="2">голема група</td></tr>
<tr><td>Датум на реализација</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Воспитно-образовна содржина</td><td colspan="2">топли и ладни бои</td></tr>
<tr><td>Наставна тема</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Развоен домен</td><td>Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Форми на воспитно-образовна работа</td><td>Методи на воспитно-образовна работа</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">Корелација:</td></tr>
</table>

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:**

- **Стекнување на вештини:**

- **Стекнување на способности:**

- **Воспитни цели:**

**АКТИВНОСТИ НА ВОСПИТУВАЧОТ:**

**1.Воведни активности на воспитувачот (емоционална подготовка на децата):**

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

- **Мотивација**

**3.Евалуациони активности на воспитувачот:**

- **Техники на следење и вреднување**

- **Активности на вреднување и следење**

**АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА:**

**1.Воведни активности**

**2. Активности за учење:**

**3.Евалуациони активности на децата:**

**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ СОДРЖИНИ**

1. Кои се предвидените активности за деца од мала група?
2. Каква е корелацијата со логика и размислување и математика?
3. Наведи 5 игри со употреба на ликовни елементи за мала група!
4. Кои активности го поттикнуваат сензо-моторниот развој за возрат од 2-3 годии?
5. Објасни две ликовни активности за мала група од 2-3 години од ликовното подрачје –сликање!
6. Која е разликата во користење игри во ликовното воспитание во мала и средна група?
7. Која е разликата во користење игри во ликовното воспитание во средна група и голема група?
8. Како со ликовните активности ќе постигнеме реализација на воспитни цели?
9. Наведи 5 ликовни активности за деца од голема група!
10. Како со ликовните активности ќе постигнеме корелација со математика на возраст од 3-4 години?
11. Наведи игри за корелација на ликовно воспитание и наука за возраст од 3-4 години!
12. Кои активности го поттикнуваат сензо-моторниот развој за возрат од 4-5 годии?
13. Наведи 5 ликовни активности за деца од голема група!
14. Како со ликовните активности ќе постигнеме корелација со наука на возраст од 5-6 години?

## КРЕАТИВНОСТ ВО РАНОТО ДЕТСКО ВОСПИТАНИЕ

1. Наведи дефиниција за креативност во рана детска возраст!
2. Што значи поимот „примарна креативност“?
3. Какви трансформации настануваат во креативниот процес според Виготски?
4. Што е креативност според Гилфорд?
5. Какво може да биде мислењето во однос на бројот на донесени решенија на одреден проблем?
6. Наброј ги факторите на дивергентното ( креативно) мислење!
7. Спореди ги флуентности оригиналност како карактеристики на мислењето:
8. Спореди ги флексибилност и редефиниција како карактеристики на мислењето:
9. Кои видови на креативно мислење ги дефинира Тејлор?
10. Наведи ги фазите во реализација на креативниот процес!
11. Објасни го влијанието на воспитно-образовниот процес во поттикнување на креативноста во рана детска возраст!
12. Кои компоненти треба да ги реализира наставникот за да овозможи стимулирање на креативниот процес?
13. Зошто е холистичкиот начин на учење важен во рана детска возраст?
14. Кои совети ги дава Мајески за воспитувачите во контекст на реализација на ликовното воспитание?

# АСПЕКТИ НА
# ПРОЦЕНУВАЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ЛИКОВНИ ТВОРБИ

1. Според кои критериуми треба да се проценуваат ликовните творби на децата?
2. Наведи три карактеристики на детето кои наставникот може да ги дознае од ликовните творби!
3. Во кои области е потребно да се следат промените во раната детска возраст преку ликовните активности?
4. Кое е местото на креативноста во процесот на ликовно образование?
5. Каков е пожелно да биде односот на воспитувачот кон децата кои не се ликовно активни?
6. Што треба да се превземе за да се мотивираат хипертемпераментните деца за ликовни активности?
7. Што треба да се превземе за да се мотивираат пасивните деца за ликовни активности?
8. Што треба да се превземе за да се мотивираат креативните деца за ликовни активности?
9. Во кои ликовни подрачја е потребно да се поттикнува креативноста во рана детска возраст/
10. Кои ликовни техники се најсоодветни за поттикнување на креативноста во рана детска возраст?
11. Во која мера децата треба да ги проценуваат ликовните активности?

12. Кои аспекти на ликовнта творба треба да се анализираат во процесот на вреднување?

## УЛОГА, РАБОТА И УСОВРШУВАЊЕ НА ОСОБИНИТЕ НА ВОСПИТУВАЧОТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЛИКОВНОТО ВОСПИТУВАЊЕ

1. Која е основна задача на наставникот во предучилишно образование?
2. Кои карактеристики може да се постигнат со учество на децата во креативни ликовни активности?
3. Кои се основните компоненти за развој на визуелното мислење во рана детска возраст?
4. Кои се современите начини на стекнување на знаења за методиката на ликовното воспитание?
5. Како се применува групна форма на работа во мала група?
6. Како се употребуваат ликовните техники за социјализација на деца од предучилишна возраст?
7. Каде се е можно да се изведуваат ликовни активности во предучилишна возраст?
8. Дали е потребно да се посетуваат музеи и галерии со ликовни изложби со деца од предучилишна возраст?
9. Зошто ликовното воспитание е најлесен начин наизразување на децата од предучилишна возраст?

Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на било кој начин без претходна писмена согласност на авторот

Е-издание: http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=53&glav